# ЗАКОН ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ
**(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20)**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ
### Предмет на законот
### Член 1

(1) Со овој закон се уредува воспитно-образовниот процес кој се остварува во основните училишта, како и дејноста на основното образование како дел од единствениот воспитно-образовен систем.

(2) Дејноста на основното образование е од посебен јавен интерес.

### Употреба на изразите
### Член 2

Изразите кои во овој закон се користат во граматички машки род се неутрални и се однесуваат на лицата и од машки и од женски род.

### Право на основно образование
### Член 3

(1) Секое дете има право на бесплатно и квалитетно основно воспитание и образование во основно училиште.

(2) Во основното образование можат да се вклучат и возрасни лица, согласно со Законот за образование на возрасните.

(3) На предлог на Бирото за развој на образованието (во натамошниот текст: Бирото) и на Државниот испитен центар, министерот за образование и наука (во натамошниот текст: министерот) донесува стандарди за утврдување на квалитетот во основното образование.

### Начела на основното образование
### Член 4

Основното образование се развива врз основа на следните начела:
- најдобар интерес и целосен развој на ученикот,
- еднаквост, достапност, пристапност и инклузивност,
- општообразовен карактер на основното образование,
- обезбедување на квалитет на образованието и меѓународна споредливост на знаењата на учениците,
- активно учество на учениците во животот на училиштето и заедницата,
- подготвување на ученикот за доживотно учење,
- унапредување на сличностите и прифаќање на различностите, интеркултурност, мултикултурализам, интеркултурализам и мултикултурност,
- грижа за физичка безбедност и здравје,
- автономност, компетентност и одговорност и
- партнерство помеѓу училиштето, родителите, односно старателите и единиците на локалната самоуправа.

### Заштита од дискриминација и промоција на еднаквоста
### Член 5

(1) Во основното воспитание и образование се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување по основ на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, род, сексуална ориентација, родов идентитет, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување,

политичко уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија во остварување на правата од основното образование.
(2) Се забранува секој облик и вид на дискриминација во основното образование и тоа во:
- воспитно-образовниот процес,
- процесот на запишување во основното образование,
- достапноста до услуги и придобивки, разумно прилагодување и пристапност до и во објекти,
- вработувањето, кариерното напредување и престанок на вработувањето,
- ученичкото организирање,
- содржината на наставните програми и учебниците,
- управувањето и учеството во органите и телата на училиштата,
- финансирањето на основното образование и
- која било друга област од основното образование.
(3) Забраната за дискриминација се однесува и на дискриминација кон родителите, односно старателите на ученикот врз која било од основите од ставот (1) на овој член.
(4) Вработените во основните училишта се должни да промовираат еднаквост и правичност помеѓу сите ученици и активно да се спротивставуваат на сите облици на дискриминација и насилство.
(5) Забраната за дискриминација се однесува и на дискриминација кон вработените во основните училишта врз која било од основите од ставот (1) на овој член.
(6) Заштитата од дискриминација се обезбедува согласно со прописите од областа на спречување и заштита од дискриминација.

**Афирмативни мерки**
**Член 6**

(1) Во основното образование се применуваат афирмативни мерки со цел надминување на дискриминација и исклучување на деца и возрасни.
(2) Афирмативни мерки од ставот (1) на овој член се: неприменувањето на одредбата за реонизација при запишувањето на ученици со попреченост, ослободување од плаќање на трошоците за признавање и еквиваленција на свидетелства стекнати во странство, бесплатен превоз за учениците со попреченост, образовни медијатори паричен надоместок за освоено прво место на државен натпревар, стимулирање за учество и паричен надоместок за освоена награда/медал на меѓународен натпревар.

**Цели на основното образование**
**Член 7**

Целите на основното образование се:
- обезбедување целосен опфат во воспитно-образовниот процес и одговарање на разновидните потреби на сите ученици преку обезбедување суштинско учество на сите ученици во него,
- обезбедување системски пристап за поттикнување на когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на ученикот согласно со неговите развојни карактеристики, потенцијали и афинитети,
- постигнување на националните стандарди за учениците во основно образование од подрачјата: јазична писменост, изучување други јазици, математика, природни науки и технологија, дигитална писменост, личен и социјален развој, демократска култура и граѓанство, претприемништво и финансиска писменост како и уметничко изразување, култура и мултикултура,
- развивање самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и

одговорност за своите постапки,
- воспитување за почитување на различностите, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права,
- развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување на македонски јазик и неговото кирилско писмо,
- развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување, покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазик и писмо на припадниците на заедниците кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик,
- развивање свест кај учениците за припадност на Република Северна Македонија и негување на националниот, граѓанскиот, етничкиот и културен идентитет,
- подготвување на ученикот за одговорен живот во слободно, граѓанско и демократско општество,
- развивање на способности и вештини за истражување, експериментирање и решавање на проблеми,
- стекнување општи и применливи знаења и вештини што се потребни во секојдневниот живот или за натамошно образование,
- оспособување за натамошно образование и доживотно учење,
- поддршка на талентирани и надарени ученици во различни области и
- унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина.

**Задолжителност и периоди на основното образование**
**Член 8**

(1) Основното образование е задолжително, трае девет години и се организира во три воспитно-образовни периоди и тоа од прво до трето одделение, од четврто до шесто одделение и од седмо до деветто одделение.
(2) Родителот, односно старателот на ученикот е должен да му овозможи на своето дете да ја исполни обврската за задолжително основно образование и воспитание.

**Забрана на партиско и верско организирање и дејствување во основно училиште**
**Член 9**

Во основното училиште се забранува партиско и верско организирање и дејствување, како и истакнување на партиски и верски обележја.

**Употреба на јазиците во образованието**
**Член 10**

(1) Воспитно-образовната работа во основното училиште се остварува на македонски јазик и неговото кирилско писмо.
(2) За учениците на припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, воспитно-образовната работа се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница.
(3) Учениците од ставот (2) на овој член, задолжително го изучуваат и македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

**Инклузивно образование**
**Член 11**

(1) Основното образование е институционално, кадровски и содржински организирано на начин кој поддржува инклузија на сите деца во редовното основно образование.
(2) Инклузивното образование е процес кој ги зема предвид различните индивидуални потреби за развој на учениците, давајќи еднакви можности за остварување на основните човекови права за развој и квалитетно образование.

(3) Инклузивното образование од ставот (2) на овој член, вклучува промени и прилагодувања на наставната содржина, пристапот, структурите и стратегиите, за учениците со попреченост, со заедничка визија и убедување дека државата има обврска да обезбеди образование за сите деца.
(4) Инклузијата на сите деца во редовното основно образование се дефинира со Концепција за инклузивно образование, која ја донесува министерот на предлог на Бирото и истата се објавува на интернет страниците на Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството) и Бирото.
(5) Инфраструктурата, индивудуализираната поддршка, наставниот план и програма во основното образование, се разумно прилагодени според индивидуалните потреби на ученикот.
(6) Разумно прилагодување од ставот (5) на овој член, претставува изменување и приспособување на условите за воспитание и образование во одреден случај, што не предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување на училиштето, а е со цел обезбедување на уживањето или остварувањето на сите човекови права и слободи на учениците со попреченост на еднаква основа со другите.
(7) Пристапност до инфраструктурата и услугите подразбира преземање мерки кои осигуруваат дека учениците со попреченост имаат пристап, на еднаква основа со другите, до физичкото опкружување, транспортот, информациите и комуникацијата, вклучувајќи информатички и комуникациски технологии и системи во основното училиште.

**Образование на децата на државјаните кои престојуваат во странство**
**Член 12**

(1) За децата на државјаните на Република Северна Македонија кои престојуваат во странство се организира настава за учење на македонскиот јазик и култура, а за припадниците на заедниците кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик и на мајчиниот јазик, во согласност со меѓународни договори ратификувани согласно со Уставот на Република Северна Македонија.
(2) Воспитно-образовната работа за граѓаните на Република Северна Македонија, кои се со постојан или привремен престој во странство, ја остваруваат наставници кои покрај условите утврдени со овој закон, имаат најмалку пет години работно искуство во настава, се истакнуваат во воспитно-образовната работа и го познаваат јазикот на државата во која ќе ја изведуваат наставата.
(3) На децата на државјаните на Република Северна Македонија кои престојувале во странство и се вратиле во Република Северна Македонија каде што го започнуваат, односно продолжуваат основното образование, основните училишта се должни да им помогнат во изучувањето на мајчиниот јазик и јазикот на кој ќе ја следат наставата.
(4) Заради успешно вклучување во воспитно-образовниот процес на учениците од ставот (3) на овој член, основното училиште во коешто е запишан ученикот организира индивидуална и групна дополнителна настава за совладување на мајчиниот јазик и јазикот на кој ќе ја следат наставата и за надоместување на знаењето од одредени наставни предмети.
(5) Наставата за учениците од ставот (1) на овој член, се изведува според наставен план и програма што ја изготвува Бирото, а ја утврдува министерот.
(6) Наставата за учениците од ставот (3) на овој член, трае најмногу една година и се изведува според програма што ја изготвува училиштето, а ја одобрува Бирото.
(7) Платата и другите трошоци на кои наставникот од ставот (2) на овој член има право за време на работа во странство, се утврдува зависно од обемот на работата и работните задачи и отежнати услови за работа.

(8) Начинот за избор на наставниците кои ги остваруваат наставниот план и програма од ставот (5) на овој член, како и начинот на утврдување на платите и трошоците на наставниците од ставот (7) на овој член, ги утврдува министерот.

**Образование на деца со странско државјанство или деца без државјанство**
**Член 13**

(1) Деца со странско државјанство или деца без државјанство, децата бегалци, барателите на азил, децата со статус на признаен бегалец, деца под супсидијарна заштита и деца под привремена заштита кои престојуваат во Република Северна Македонија имаат право на основно образование под еднакви услови како децата државјани на Република Северна Македонија.
(2) За децата од ставот (1) на овој член, се организира изучување на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и поддршка за надоместување на знаењето од одредени наставни предмети во траење од најмалку една година врз основа на програми изготвени од Бирото, а одобрени од министерот.
(3) Деца државјани на државите членки на Европската Унија имаат право на основно образование под еднакви услови како и децата државјани на Република Северна Македонија.
(4) Деца државјани на државите членки на Европската Унија чии родители, односно старатели, се со престој во Република Северна Македонија каде вршат или вршеле самостојна дејност, односно кои се вработени или биле вработени на територијата на Република Северна Македонија, имаат право на стекнување на знаење од мајчиниот јазик и култура на државата од којашто потекнуваат.
(5) Министерството, во соработка со основачот на училиштето и државата од којашто потекнува ученикот од ставот (3) на овој член, а во согласност со можностите, дава поддршка за стекнување на знаење од мајчин јазик и култура на државата од која потекнува ученикот.

**Образование на деца кои не биле вклучени во настава**
**Член 14**

(1) Децата кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница за вклучување во соодветното одделение на основно образование, имаат право на основно образование под еднакви услови, како и останатите деца.
(2) За децата од ставот (1) на овој член, се изготвуваат прилагодени наставни програми со кои ќе се овозможи вклучување во соодветно одделение на основно образование.
(3) Проверката на знаењата на децата од ставот (1) на овој член, ја врши училиштето пред нивното вклучување во воспитно-образовниот процес, со инструменти утврдени од Бирото. По извршената проверка на нивното знаење, се издава потврда со која детето се запишува во соодветното одделение на основно образование.
(4) Прилагодените наставни програми од ставот (2) на овој член, ги изготвува Бирото, а ги утврдува министерот.
(5) Формата и содржината на потврдата од ставот (3) на овој член, ја утврдува министерот на предлог на Бирото.

**Место на организирање и остварување на основното образование**
**Член 15**

(1) Основното образование се организира и остварува во основно училиште.
(2) Основно образование се организира и остварува и во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, како и во домашни услови, согласно со овој закон.

(3) Училиштето организира воспитно-образовен процес во домашни услови како посебен облик на работа за ученици на подолго домашно лекување.
(4) За учениците кои, поради поголеми здравствени проблеми или хронични болести, не можат да посетуваат настава подолго од три недели, наставата се организира во домашни услови, односно во здравствена установа.
(5) Родителот, односно старателот го известува училиштето за потребата за настава на ученикот кој е на подолго домашно или болничко лекување.
(6) Основно образование во здравствени установи и казнено-поправни и воспитно-поправни установи, го реализира училиштето кое е најблиско до установата и реализира настава на мајчин јазик на ученикот во овие установи, а во домашни услови училиштето каде што е запишан ученикот.
(7) Начинот на избор на основно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во установите од ставот (2) на овој член, како и во домашни услови ги утврдува министерот, на предлог на Бирото.

**Инклузивни тимови**
**Член 16**

(1) Во основното училиште директорот формира училишен инклузивен тим, кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште и инклузивен тим за ученик којшто работи по индивидуален образовен план (во натамошниот текст: ИОП) или по модифицирана наставна програма од членот 30 од овој закон.
(2) Училишниот инклузивен тим е со мандат од три учебни години и е составен од седум члена и тоа: педагогот, односно психологот, односно социјален работник во училиштето, двајца наставници од редот на вработените на училиштето (еден наставник од одделенска настава и еден наставник од предметна настава), двајца родители односно старатели, специјален едукатор и рехабилитатор и директорот на училиштето. Училишниот инклузивен тим ги осмислува и спроведува активностите на ниво на целото училиште и води грижа тие да бидат усогласени и применувани во воспитно-образовната работа.
(3) Инклузивниот тим за ученикот е за период до завршување на основното образование на ученикот и е составен од: наставниците на ученикот, родителот односно старателот, педагогот, односно психологот, односно социјален работник во училиштето, специјалниот едукатор и рехабилитатор. Инклузивниот тим за ученикот во фокусот на својата работа ги имаат конкретните ученици и изготвување и реализирање на нивните индивидуални образовни планови.
(4) Во работата на инклузивниот тим за ученикот, по потреба, може да се повикаат да учествуваат и ученикот, други наставници и стручни соработници или кое било друго лице од доверба на ученикот.
(5) Доколку училиштето нема вработено стручен соработник од одреден профил, за членови на инклузивниот тим од ставовите (2) и (3) на овој член, се определуваат лица од центрите за поддршка на учењето на учениците со попреченост и/или училиштата со ресурсен центар.
(6) Инклузивниот тим за ученикот подготвува ИОП и модифицирана наставна програма за ученикот со попреченост согласно со неговите индивидуални потенцијали и потреби, во рок од 30 дена од денот на започнување на настава на ученикот во училиштето и ги спроведува мерките за поддршка во учењето согласно со препораките од стручните тела за проценка на дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на деца и младинци (во натамошниот текст: стручни тела за проценка) во рамки на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединети Нации за правата на лицата со попреченост, при Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата). При изработката на ИОП и модифицирана наставна

програма, инклузивниот тим за ученикот соработува со останатите наставници и стручни соработници вклучени во образовниот процес на ученикот.

**Основно училиште со ресурсен центар**
**Член 17**

(1) Училиштето со ресурсен центар ги користи своите материјални и човечки ресурси и дава соодветна стручна поддршка на учениците со попреченост, на наставниот кадар, стручните соработници, родителите односно старателите и инклузивниот тим на други основни училишта.
(2) Наставниот кадар од основното училиште со ресурсен центар од ставот (1) на овој член, учествува и во реализација на дел од модифицираната програма за учениците со комплексни потреби за кои е во најдобар интерес да посетуваат дел од наставата во основното училиште со ресурсен центар, а согласно со препораката на стручното тело за проценка, базиран на Меѓународната класификација на функционирањето (во натамошниот текст: МКФ), донесена од Светската здравствена организација.

**Центри за поддршка на учењето на учениците со попреченост**
**Член 18**

(1) Директорот, во основното училиште каде што има посебни паралелки, формира центар за поддршка на учењето за учениците со попреченост (во натамошниот текст: центарот за поддршка).
(2) Центарот за поддршка ги користи материјалните и човечките ресурси во училиштето и дава соодветна стручна поддршка на учениците со попреченост, на наставниот кадар, стручните соработници, родителите, односно старателите и инклузивниот тим во другите основни училишта на подрачјето на општината.
(3) Наставниот кадар од центарот за поддршка учествува и во реализација на дел од модифицираната програма за учениците со комплексни потреби за кои е во најдобар интерес да посетуваат дел од наставата во центарот за поддршка, а согласно со препораката на стручното тело за проценка, базирана на МКФ.

**Видови поддршка за ученици со попреченост**
**Член 19**

(1) За поддршка на учењето за учениците со попреченост, основното училиште обезбедува: образовен асистент, личен асистент, соодветна стручна поддршка од центар за поддршка на учењето, инклузивен тим и асистивна технологија по препорака на стручното тело за проценка и во согласност со индивидуалниот образовен план или модифицираната програма.
(2) Јавниот повик за селекција и избор на образовен/личен асистент, селекцијата и изборот на образовен/личен асистент, како и обуката на образовен/личен асистент, ги спроведува училиште со ресурсен центар.
(3) Јавниот повик од ставот (2) на овој член, по претходно добиена писмена согласност од Министерството се објавува во најмалку два дневни весника од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.
(4) Начинот на побарување на образовен/личен асистент, начинот на селекција и избор на образовен/личен асистент, како и програмата за обука на образовен/личен асистент ги утврдува министерот, на предлог на Бирото.
(5) Селекцијата и изборот на образовен/личен асистент ја врши петчлена комисија од редот на вработените во училиштето со ресурсен центар, која ја формира директорот на училиштето.

(6) Нормативот за образовниот асистент и личниот асистент, описот на компетенциите и работните задачи ги утврдува министерот, на предлог на Бирото.
(7) Образовните и личните асистенти се вработуваат на определено време од страна на училиштата со ресурсен центар. Средствата за образовните асистенти и личните асистенти се обезбедуваат од Буџетот на Министерството.
(8) Доколку на ниво на општина нема основно училиште со ресурсен центар или со центар за поддршка, поддршка на учењето на учениците со попреченост се обезбедува од најблиското основно училиште со ресурсен центар или од училиште со центар за поддршка од најблиската општина.

## II. ОСНОВАЊЕ И ПРЕСТАНОК СО РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

### Дејност на основното училиште

### Член 20

(1) Основното училиште врши дејност од посебен јавен интерес.
(2) Основното училиште има својство на правно лице и се запишува во Централниот регистар на Република Северна Македонија.
(3) Основното училиште има печат. Во средината на печатот е грбот на Република Северна Македонија, а од страната името на Република Северна Македонија и името (назив) и седиште на училиштето.

### Јазик и писмо на името на основното училиште

### Член 21

(1) Името на основното училиште е напишано на македонски јазик и неговото кирилско писмо.
(2) Во основните училишта во кои наставата се изведува и на друг јазик и писмо различен од македонскиот јазик, името на училиштето е напишано на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото на кое се изведува наставата.

### Видови и основање основни училишта

### Член 22

(1) Основното воспитание и образование се одвива во основно училиште и тоа:
- основно училиште,
- основно училиште за образование на возрасни,
- основно музичко училиште,
- основно балетско училиште,
- основно училиште со ресурсен центар и
- меѓународно основно училиште.

(2) Основното училиште може да биде општинско или државно.
(3) Општинското основно училиште се основа од општината.
(4) Државното основно училиште се основа од Владата.
(5) Советот на општината донесува одлука за основање на општинско основно училиште, по претходно добиено позитивно мислење од Владата на предлог на Министерството.
(6) За утврдување на исполнетост на условите за основање на општинско основно училиште министерот формира комисија составена од петчлена и тоа: по еден член од Бирото, Државниот просветен инспекторат, основачот и два члена од Министерството.
(7) Основните училишта од ставот (1) алинеи 2, 5 и 6 на овој член, се државни основни училишта кои ги основа Владата и се основаат за остварување на наставен план и програми за основно образование на одредени ученици за кои државата има посебен интерес.

(8) Општината, односно Владата може да основа музичко и/или балетско училиште во кое се остварува наставен план и наставни програми, кои на предлог на Бирото ги утврдува министерот.
(9) Основното музичко, односно балетско образование е незадолжително и во него учениците се вклучуваат по претходна согласност од нивниот родител односно старател, а во насока на развој на нивните музички или балетски афинитети. Трошоците за следење на наставата во музичкото и балетското образование ги плаќа родителот, односно старателот.
(10) Начинот на запишување на ученици и реализација на наставата во музичките и/или балетските училишта од ставот (8) на овој член, ги утврдува министерот на предлог на Бирото.
(11) Начинот на соработка помеѓу основните училишта со ресурсен центар и другите основни училишта се уредуват во посебен акт донесен од страна на министерот, на предлог на Бирото.
(12) Општината, односно Владата може да основа и меѓународно основно училиште во кое се остварува наставен план и програми на некој од странските јазици (англиски, француски, германски и други), кои на предлог на Бирото ги утврдува министерот.

**Услови за основање основно училиште**
**Член 23**

(1) Основно училиште може да се основа, ако:
- има доволен број ученици за формирање на најмалку по две паралелки од прво до деветто одделение,
- е обезбеден соодветен наставен кадар,
- се обезбедени соодветни училишни простории, опрема и наставни средства согласно со утврдените нормативи и стандарди и
- се обезбедени потребни финансиски средства.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, основно училиште може да се основа и кога нема доволен број ученици за формирање 18 паралелки, доколку основачот обезбеди доволно финансиски средства за работа.
(3) Нормативите и стандардите од ставот (1) алинеја 3 на овој член, ги утврдува министерот, на предлог од Бирото.
(4) Основачот е должен при основање на општинско основно училиште да формира комисија составена од пет члена од редот на вработените во општината, која согласно со овој закон врши подготовка за почеток со работа на училиштето.

**Акт за основање на основно училиште**
**Член 24**

(1) Со актот за основање на основното училиште се утврдуваат:
- името и седиштето на основното училиште,
- програма за воспитно-образовна дејност,
- бројот на учениците,
- реонот, односно реоните од кои се опфаќаат учениците,
- јазикот/јазиците на кој ќе се изведува наставата,
- бројот на подрачни училишта,
- потребниот наставен кадар, опремата, просторот според стандардите и нормативите,
- средствата кои основачот ги обезбедил за основање и почеток со работа на основното училиште и начинот на обезбедување на средствата и
- започнувањето со работа на основното училиште.

(2) Основното училиште може да започне со работа откако Министерството ќе утврди дека се исполнети условите од членот 23 став (1) од овој закон и ќе донесе решение за верификација, во рок од 60 дена од денот на поднесување на барањето.
(3) Проверка за исполнетоста на условите за основање на основно училиште и за верификација врши комисија, формирана од министерот.
(4) Комисијата од ставот (3) на овој член, е составена од пет члена и тоа: по еден член од Бирото, Државниот просветен инспекторат, основачот и два члена од Министерството.
(5) Против решението од ставот (2) на овој член, може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
(6) Начинот на утврдување на исполнетоста на условите за основање на основно училиште и верификацијата на основното училиште го пропишува министерот.

**Подрачно училиште**
**Член 25**

(1) Основното училиште во својот состав може да има подрачно училиште.
(2) Подрачно училиште се организира во населено место со мал број ученици, за што одлучува основачот, по претходно позитивно мислење од министерот.

**Статут на основното училиште**
**Член 26**

(1) Основното училиште има статут.
(2) Со статутот особено се уредуваат: организацијата и вршењето на воспитно-образовната дејност, називот, седиштето, управувањето и раководењето, правата и обврските на учениците, ученичкото организирање, правата и обврските на вработените и други прашања од значење за работа на основното училиште.
(3) Статутот на основното училиште го донесува училишниот одбор.
(4) На статутот на основното училиште согласност дава Министерството, по претходно добиено позитивно мислење од основачот.

**Регистар**
**Член 27**

(1) Министерството води централен регистар на основните училишта основани на територијата на Република Северна Македонија.
(2) Секоја општина за своето подрачје води регистар на основни училишта и за тоа доставува податоци до Министерството.
(3) Регистрите од ставовите (1) и (2) на овој член, се водат согласно со Законот за општата управна постапка.
(4) Формата, содржината и начинот на водење на регистрите од ставовите (1) и (2) на овој член, ги пропишува министерот.

**Престанок со работа на основното училиште**
**Член 28**

(1) Основното училиште престанува со работа ако не се спроведуваат одредбите од овој закон и подзаконските акти што произлегуваат од него.
(2) Постапката за престанување со работа на основното училиште ја покренува и води основачот, а по претходна согласност на Министерството.
(3) Постапката за престанување со работа на подрачното основно училиште ја покренува и води основачот, по претходна согласност од Министерството.
(4) По исклучок, од ставовите (2) и (3) на овој член, постапка за престанување со работа на основно училиште и подрачно основно училиште покренува и Министерството, по

претходна согласност од Владата, ако не се спроведуваат одредбите од овој закон и подзаконските акти што произлегуваат од него.

**Постапка за престанок со работа на основното училиште**

**Член 29**

(1) Основачот на основното училиште донесува акт за престанување со работата ако основното училиште:
- не ги остварува целите и задачите на воспитанието и образованието и
- престанало да ги исполнува условите утврдени со овој закон.

(2) По донесувањето на актот за престанување со работа на основното училиште, основачот е должен на учениците да им обезбеди да го продолжат образованието, на товар на основачот.
(3) Основното училиште по донесувањето на актот за престанување со работа се брише од регистрите од членот 27 ставови (1) и (2) од овој закон.
(4) Актот за престанување со работа на основното училиште се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и службеното гласило на општината.
(5) Основачот, во рок од три дена по донесувањето на актот за престанување со работа на основното училиште, го известува Централниот регистар на Република Северна Македонија за бришење од регистарот.

## III. ПРОГРАМИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

**Наставен план и наставни програми**

**Член 30**

(1) Министерот, на предлог на Бирото, ја утврдува Концепцијата за основно образование и воспитание, врз основа на која се донесуваат наставниот план и наставните програми за основно образование (во натамошниот текст: наставен план и програми).
(2) Министерот, на предлог на Бирото, ги утврдува националните стандарди за учениците во основното образование, базирани на компетенции кои учениците треба да ги стекнат и усвојат на крајот на основното образование. Националните стандарди за учениците во основното образование го определуваат првото ниво на Националната рамка на квалификации.
(3) Во основното училиште воспитно-образовната работа се организира и остварува според наставен план и програми од ставот (1) на овој член, кои на предлог на Бирото, ги утврдува министерот.
(4) Наставниот план за основното образование содржи задолжителни и изборни предмети и часови за одделенската заедница, определени со годишниот и неделниот број на часови за наставата одделно по задолжителните и изборните предмети, нивната распределба по одделенија.
(5) Со наставниот план се определува и дополнителна и додатна настава, воннаставни активности и јазикот на кој се изведува наставата.
(6) Со наставните програми се определуваат резултатите од учењето, основните поими, активностите и методите во наставата, стандардите за оценување на постигањата на учениците, условите за реализирање на наставната програма и нормативот за наставен кадар.
(7) Наставата за учениците со попреченост во основните училишта се реализира според Индивидуален образовен план на наставните програми од ставот (6) на овој член или модифицирана наставна програма.
(8) Индивидуален образовен план вклучува адаптации во резултатите од учењето на наставната програма, воведување специфични активности и методи што овозможуваат постигнување на резултатите од учењето.

(9) Модифицираната наставна програма, наменета за учениците со комплексни потреби, се подготвува за секој воспитно-образовен период на основното образование и со неа се определуваат резултатите од учење базирани на компетенциите со кои треба да стекнат и развијат самостојност, личен развој и социјални односи.
(10) За одделни категории на ученици со попреченост се развиваат програми за стекнување специфични вештини, како: мобилност и ориентација во простор, изучување на Брајова азбука, развој на говорот, употреба на асистивна технологија за комуникација и друго.

**Дополнителна настава**
**Член 31**

(1) Дополнителна настава се организира за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати, односно на барање на ученик, негов родител, односно старател или по проценка на наставникот.
(2) Наставникот ја планира дополнителната настава согласно со потребите на учениците.
(3) За потребата од посета на ученикот на дополнителна настава одделенскиот, односно предметниот наставник води евиденција и го известува родителот, односно старателот на детето во рок од три дена од констатирањето на потребата.

**Додатна настава**
**Член 32**

(1) Додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети.
(2) Додатната настава за учениците од ставот (1) на овој член, наставникот е должен да им ја понуди на учениците, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатната настава.

**Реализација на додатна и дополнителна настава**
**Член 33**

(1) Основното училиштето на месечна основа изготвува распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет и го објавува на огласна табла и на својата интернет страница.
(2) Организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава ги уредува министерот, на предлог на Бирото.

**Талентирани и надарени ученици**
**Член 34**

(1) Министерот на предлог на Бирото донесува Концепција за откривање и работа со талентирани и надарени ученици.
(2) Во изработката на концепцијата за откривање и работа со надарени и талентирани ученици задолжително учествуваат по еден претставник од секое акредитирано здружение за реализација на натпреварите во основното образование.
(3) Надарените и талентираните ученици се ученици кои имаат развиено една или повеќе способности на ниво кое ги надминува способностите на нивните врсници. Надареноста по правило се однесува на високи постигнувања во областа на природни науки, математика, јазици, додека пак талентираноста по правило се однесува на постигнувања во областа на уметностите, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт.
(4) Со Концепцијата од ставот (1) на овој член, се уредува препознавањето и идентификацијата на талентираните и надарени ученици, мерки и активности за работа.

(5) Секој наставник, освен часовите кои ги одржува во рамките на својот неделен фонд на часови, поминува неделно уште пет работни часа во директна работа со ученици за да се реализираат дополнителната и додатната настава, работата со талентираните и надарените ученици, работата на секциите и вонначставните активности.

**Ученици со посебни образовни потреби**
**Член 35**

Учениците со посебните образовни потреби, во смисла на овој закон се:
- ученици со попреченост се оние кои имаат долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни оштетувања, кои во интеракција со различните општествени бариери може да го попречат нивното целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите,
- ученици со нарушување во однесувањето или емоционални проблеми или со специфични тешкотии во учењето и
- ученици кои потекнуваат од неповолни социо-економски, културни, и/или јазични деприрвирани средини.

**Туторство на ученици**
**Член 36**

(1) Министерството обезбедува дополнителна поддршка за учениците, по предметите кои се дел од наставниот план во учебната година во која е запишан ученикот, по претходно добиена писмена согласност од родителот, односно старателот.
(2) Дополнителната поддршка од ставот (1) на овој член, ги реализира тутор-волонтер, согласно со Програмата за обезбедување на туторство на ученици од основното образование, која ја утврдува министерот.
(3) Тутор-волонтер, може да биде редовен студент кој доброволно подучува ученици и кој ги исполнува посебните критериумите за избор за тутор-волонтер утврдени во програмата од ставот (2) на овој член.

**Образовни медијатори**
**Член 37**

(1) За учениците Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем, може да се ангажираат образовни медијатори.
(2) Образовниот медијатор од ставот (1) на овој член, презема активности за подобрување на информираноста за можностите и пристапот до училиштата, спроведува редовни средби за сензибилизација на населението и вработените во основното училиште со спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието, редовно соработува со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигањата на учениците, презема активности за намалување на напуштањето на воспитно-образовниот процес на учениците.
(3) Потребата за ангажирање на образовен медијатор се врши на барање на училиштето во кое е запишан или треба да се запише ученикот од ставот (1) на овој член, кое се доставува до Министерството најдоцна до 15 септември во тековната учебна година.
(4) Образовните медијатори се ангажираат по пат на јавен повик, кој го објавува Министерството на интернет страницата, најдоцна до 1 октомври во тековната година.
(5) За изборот на образовни медијатори, министерот формира комисија составена од пет члена, од кои три члена се од редот на вработените во Министерството, еден претставник од Бирото и еден претставник од граѓанските организации кои работат на унапредување на правата на Ромите.

**Час на одделенска заедница**
**Член 38**

На часот на одделенската заедница се разработуваат содржини за личниот и социо-емоционалниот развој на учениците според програма што ја утврдува министерот, на предлог на Бирото и други активности поврзани со паралелката.

**Експериментална програма и развојно-истражувачки проект**
**Член 39**

(1) Во основното училиште може да се реализираат експериментална програма и развојно-истражувачки проект, заради унапредување на воспитно-образовниот процес.
(2) Експерименталната програма и развојно-истражувачкиот проект од ставот (1) на овој член, ги изготвува и/или предлага Бирото, а ги утврдува министерот.
(3) Во основните училишта може да се реализираат и проекти за унапредување на воспитно-образовниот процес или за истражувачки цели.
(4) Барањето за реализација на проекти од ставот (3) на овој член, се поднесува до Министерството.
(5) Одобрението за реализација на проекти од ставот (3) на овој член, го дава Министерството, по претходно позитивно мислење од Бирото.

**Проширена програма**
**Член 40**

(1) Во основното училиште се реализира и проширена програма.
(2) Проширената програма на основното училиште опфаќа: организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, продолжен престој, дополнителна и додатна настава, како и воннаставни активности и вонучилишни активности, односно организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои училиштето ги реализира надвор од наставната програма, како и активности на ученичката организација.
(3) Основното училиште за учениците во прво, второ и трето одделение организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на наставата, во согласност со родителот, односно старателот.
(4) Основното училиште за учениците од прво до трето одделение може да организира продолжен престој со учениците од иста паралелка, од исто одделение или од различни одделенија, по добиена согласност од Министерството. Во продолжен престој учениците се вклучуваат во согласност со родителот, односно старателот.
(5) Ако се обезбедени услови и средства од основачот, основното училиште може да организира продолжен престој за учениците во групи и тоа, од прво до петто одделение со ученици од исто одделение или од прво до трето и од четврто и петто одделение со ученици од различни одделенија. Во продолжен престој учениците се вклучуваат во согласност со родителот, односно старателот.
(6) Доколку во продолжениот престој се опфатени сите ученици од иста паралелка во текот на целиот престој се организира настава согласно со Упатството за настава во продолжен престој на ученици од иста паралелка, кој го утврдува министерот, на предлог на Бирото.
(7) За време на продолжениот престој во кој се вклучени ученици од различни паралелки и одделенија, учениците учат, ги работат домашните задачи, работат други училишни обврски и учествуваат во културно-уметнички, спортски и други активности, согласно со годишната програма за работа на училиштето, согласно со Упатството за настава во

продолжен престој на ученици од различни паралелки и одделенија, кој го утврдува министерот, на предлог на Бирото.

**Воннаставни активности**
**Член 41**

(1) За развивање на различните интереси на учениците, основното училиште организира воннаставни активности согласно со Концепцијата за воннаставни активности која на предлог на Бирото, ја утврдува министерот.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), училиштето организира воннаставни активности за учениците поврзани со нивниот личен, социо-емоционален и психолошки развој.
(3) Воннаставните активности кои ги реализира основното училиште се определуваат со годишната програма за работа на училиштето.
(4) Учениците во воннаставните активности се вклучуваат доброволно.
(5) За учеството во воннаставните активности се води евиденција во дневникот на паралелката и на крајот на учебната година на ученикот му се издава додаток на свидетелство, во кое се наведува учеството во воннаставните активности.
(6) По исклучок од ставот (5) на овој член, за учеството во воннаставните активности во условите наведени во ставот (2) на овој член, наставникот води само евиденција за присуство на учениците и не се издава додаток на сведителство.
(7) Училиштето при организирањето на воннаставните активности води сметка за заштита од дискриминација по кој било основ, како и за примената на афирмативните мерки за вклучување на сите ученици.
(8) За воннаставните активности училиштата можат да добиваат средства од буџетите на општините.
(9) За воннаставните активности училиштата, може да се стекнуват со средства за финансирање од учество на проекти, доброволни прилози, донации, подароци (во пари, добра, имотни права), завештанија и легати.

**Екскурзии, излети и други вонучилишни активности**
**Член 42**

(1) Училиштето планира и организира екскурзии, излети и други вонучилишни активности согласно со годишната програма за работа на училиштето.
(2) Начинот на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности ги утврдува министерот, на предлог на Бирото.

**Училишни спортски клубови**
**Член 43**

(1) За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности на учениците, најмалку пет наставници кои засновале работен однос на неопределено време во основното училиште, основаат училишен спортски клуб, согласно со Законот за здруженија и фондации и Законот за спортот.
(2) Со училишниот спортски клуб управуваат членовите непосредно.
(3) Училиштата средствата за финансирање на училишните спортски клубови ги стекнуваат од доброволни прилози, донации, подароци (во пари, добра, имотни права),

завештанија и легати. Училиштето за училишниот спортски клуб може да добива средства од буџетите на општините.
(4) Училиштата до основачот доставува извештај за искористените средства за финансирање на училишните спортски клубови, најдоцна до 20 јуни во тековната година, за претходната наставна година.

**Натпревари за учениците**
**Член 44**

(1) За учениците што покажуваат особен успех по одделни наставни предмети се организираат натпревари на општинско, регионално и државно ниво.
(2) Натпреварите ги организираат акредитирани здруженија на наставници.
(3) Здруженијата на наставниците треба да бидат акредитирани од Министерството, на предлог на комисија за акредитација на здруженија на наставници формирана од министерот, во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за акредитација на натпревари на ученици.
(4) Комисијата е составена од седум члена од кои тројца се претставници од Министерството, двајца од Бирото, еден од Државниот испитен центар и еден претставник од репрезентативен синдикат за образование. Еден член од комисијата е претседател, кој го именува министерот.
(5) Основни критериуми за акредитација на здруженијата на наставници за организирање на натпреварите се натпреварите на учениците да се организирани од страна на наставници што изведуваат настава по одделен наставен предмет, здруженијата на наставниците да се регистрирани како здружение најмалку три години до денот кога аплицираат за организирање на натпревари и да обезбеди организирање на натпревари на целата територија на Република Северна Македонија на сите наставни јазици.
(6) За акредитација на здруженијата на наставници за организирање на натпревари за учениците, Министерството објавува јавен повик на својата интернет страница.
(7) Здружението на наставници за добивање на акредитација за организирање на натпреварите до Министерството поднесува барање со следната документација во прилог и тоа:
- документ за регистрирана дејност од Централен регистар на Република Северна Македонија,
- тековна состојба на здружението на наставници издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија,
- биланс на состојба и биланс на успех на здружението на наставници издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија,
- статут на здружението на наставници,
- правилник за организирање на натпреварите на здружението на наставници и
- тригодишен календар за спроведување на натпреварите за учениците во основните училишта во кои ќе бидат содржани наставните предмети, временскиот период за реализација на натпреварите и одговорните наставници кои ќе бидат вклучени во организацијата и реализацијата на секој од натпреварите.
(8) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (7) на овој член за издавање на акредитација за организирање на натпревари ги пропишува министерот.
(9) За освоено прво место на натпревар на државно ниво на ученикот и неговиот наставник им се доделува парична награда, чија висина ја утврдува министерот, на предлог на комисијата од ставот (4) на овој член.
(10) Ако е освоено прво место на натпревар на државно ниво од група ученици, на учениците и на нивниот наставник им се доделува парична награда, чија висина ја утврдува министерот, на предлог на комисијата од ставот (4) на овој член.

(11) Висината на паричната награда од ставот (9) на овој член, е во износ најмногу до 50% од просечната нето плата исплатена по работник во Републиката во последниот месец пред доделувањето на наградата.
(12) Висината на паричната награда од ставот (10) на овој член, за групата ученици е во износ најмногу до една и половина просечна нето плата исплатена по работник во Републиката во последниот месец пред доделувањето на наградата и се исплаќа на начин што наградата се дели на сите ученици во групата во подеднаков износ, а на наставникот во износ најмногу до 50% од просечната нето плата исплатена по работник во Републиката во последниот месец пред доделувањето на наградата.
(13) Барањата од ученикот, односно од неговиот наставник за исплата на парична награда за освоено прво место на натпревар на државно ниво во учебна година, се доставуваат до Министерството, најдоцна до 31 декември во тековната година кога е организаран натпреварот.
(14) Начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво ги утврдува министерот, на предлог на Бирото.

**Меѓународни натпревари**
**Член 45**

(1) Министерството, за освоена прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки, на ученикот, на наставникот кој му го предава предметот од овие области, како и на менторот кој го подготвувал ученикот за натпреварот, поединечно им доделува парична награда во износ од 100% од просечната нето плата исплатена по работник во Републиката во последниот месец пред доделувањето на наградата за освоена прва награда/златен медал, 80% за освоена втора награда/сребрен медал и 60% за освоена трета награда/бронзен медал.
(2) Под меѓународен натпревар од ставот (1) на овој член, се подразбира натпревар на кој учествуваат ученици од најмалку десет различни држави, на кој се споредуваат знаењата помеѓу учениците од различните држави, се врши рангирање на најдобрите ученици од сите земји кои учествуваат.
(3) Министерството за меѓународни натпревари кои се спроведуваат по електронски пат на далечина не доделува парична награда од ставот (1) на овој член.
(4) За доделување на паричната награда од ставот (1) на овој член, Министерството објавува јавен повик еднаш во годината, на својата интернет страница.
(5) Министерството, на барање на акредитираните здруженија на наставници за учество на еден меѓународен натпревар од ставот (2), од областите од ставот (1) на овој член, може во текот на една година да ги покрие трошоците за котизација и пат на најмногу шест ученици и најмногу три ментори, чија бројка зависи од правилата на организаторите на меѓународниот натпревар.
(6) За покривањето на трошоците од ставот (5) на овој член, Министерството објавува јавен повик на својата интернет страница во првите три месеци од годината. (7) Здружението на наставници по јавниот повик од ставот (6) на овој член, до Министерството поднесува барање со следната документација во прилог и тоа:
- известување за извршен избор на учениците кои ќе учествуваат на меѓународниот натпревар и податоци за истите,
- известување за ментори на учениците кои ќе учествуваат на меѓународниот натпревар и податоци за истите,
- известување од организаторот на меѓународен натпревар за висината на котизацијата за учество на натпреварот и
- пресметка за висината на патните трошоци.

(8) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (7) на овој член, ги пропишува министерот.
(9) Доставените барања од ставот (7) на овој член, ги разгледува комисија формирана од министерот, која е составена од пет члена, од кои тројца се претставници од Министерството и двајца од Бирото. Еден член од комисијата е претседател, кој го назначува министерот.
(10) Комисијата од ставот (9) на овој член, изготвува извештај со предлог листа на здруженија на кои ќе им се покријат трошоците од ставот (5) на овој член, во рок од 30 дена од приемот на барањето од ставот (7) на овој член.
(11) Министерот врз основа на извештајот од ставот (10) на овој член, донесува решение за покривање на трошоците од ставот (5) на овој член, во рок од 15 дена од денот на добивање на извештајот.

**Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција**
**Член 46**

(1) Директорот на училиштето формира тим за училишна интеграција за период од три години, составен од пет до седум члена и тоа претседателот на ученичкиот парламент, ученичкиот правобранител и од редот на стручните соработници и наставници. Директорот или помошникот на директорот е член на тимот за училишна интеграција по функција. При формирање на тимот за училишна интеграција директорот води грижа за застапеноста на наставниците, од сите јазици на кои се реализира наставата во училиштето.
(2) Тимот за училишна интеграција планира и организира активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција.
(3) Тимот за училишна интеграција во соработка со наставниците задолжително изработува план за активности кои ќе бидат планирани и во годишната програма на училиштето во насока на унапредувањето на интеркултурализмот, препознавање на сличностите, прифаќање на различностите, сузбивање на стереотипите и предрасудите.
(4) Основните критериуми според кои треба да се организира активност од став (2) на овој член, се смета активност којашто има за цел интеракција, односно интеграција на етнички/јазично мешани групи учесници, балансирани групи учесници според етничката припадност, полот и возраста, интеракција меѓу учесниците од различните етнички/јазични групи (во текот на активноста учениците од едниот наставен јазик/едната етничка група соработуваат со учениците од другиот наставен јазик/другата етничка група, користење на сите застапени јазици, рамноправен третман на учесниците од сите етнички/јазични групи, постигнување конкретни - заеднички цели (опипливи/видливи продукти) со учество на сите застапени етнички заедници.
(5) Средства за реализација на овие активности се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, буџетите на општините и од други извори (донации, легати, подароци и друго), а се користат наменски.
(6) За доделување на средства за реализација на активностите од ставот (4) на овој член, Министерството објавува јавен повик на интернет страната на Министерството, еднаш во годината во месец октомври.
(7) За доделување на средства за реализација на активностите од ставот (4) на овој член, министерот формира Комисија составена од тројца претставници на Министерството и по еден претставник од Бирото и Државниот просветен инспекторат. Висината на средствата по училиште изнесува најмногу до 30.000 денари.

**Професионална ориентација на учениците**
**Член 47**

(1) Училиштето им помага на родителите, односно старателите и на учениците при изборот на средното училиште, согласно со особеностите, способностите и афинитетите на учениците.
(2) Заради следење на индивидуалните афинитети на учениците и давање помош на учениците и нивните родители, односно старатели во избор на средното училиште, психологот односно педагогот во училиштето користи алатки за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците и реализира програма за професионална ориентација за ученици од осмо и деветто одделение, која на предлог на Бирото, ја утврдува министерот.

**Здравствена и социјална заштита на учениците**
**Член 48**

(1) Училиштето соработува со здравствени установи заради спроведување на здравствена заштита на учениците, посебно во вршењето на лекарски прегледи на децата кои се запишуваат во прво одделение, спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи и вакцинации согласно со закон.
(2) Училиштето задолжително го информира родителот односно старателот на ученикот за спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи и вакцинациите.
(3) Училиштето во соработка со надлежни установи се грижи за социјалната заштита, посебно на ученици од ранливи општествени групи.
(4) Училиштето се грижи за сексуалното и репродуктивното здравје на учениците преку обезбедување информации базирани на научни сознанија, човекови права, родова еднаквост и промовирање на почитување на различностите.

**Планирање на работата на основното училиште**
**Член 49**

(1) Основното училиште изготвува Развојна програма за работа (во натамошниот текст: Развојна програма).
(2) Со Развојната програма се планираат целите и визијата за развој на училиштето во периодот од четири години, со конкретно наведени активности на училиштето согласно со стратешките и концепциските документи и стручни документи и упатства утврдени од надлежните институции.
(3) Врз основа на Развојната програмата училиштето ја изготвува годишната програма за работа на основното училиште (во натамошниот текст: годишна програма за работа) за секоја учебна година.
(4) Со годишната програма за работа се планира наставата согласно со наставниот план, проширената програма и другата воспитно-образовна работа во училиштето.
(5) Во рамки на годишната програма за работа се планира и:
- промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација,
- професионална ориентација на учениците,
- меѓуетничка интеграција и заеднички ученички иницијативи,
- инклузивни практики,
- соработка со родителите односно старателите,
- активности за заштита на животната средина,
- културни активности на училиштето и
- сите други активности согласно со приоритетите на училиштето.

(6) Формата и содржината на развојната и годишната програма за работа ги утврдува министерот, на предлог на Бирото.
(7) Училишниот одбор ја доставува годишната програма за работа до основачот најдоцна до 15 август во тековната учебна година за наредната учебна година.
(8) Годишната програма за работа од ставот (7) на овој член, основачот ја донесува до 31 август.
(9) Ако годишната програма за работа не ја донесе основачот во рокот утврден во ставот (8) од овој член, се смета дека истата е донесена.
(10) Донесената годишна програма за работа, основното училиште ја доставува до Бирото и до Државниот просветен инспекторат до 15 септември во тековната учебна година, во електронска форма.
(11) Основното училиште е должно да ги запознае учениците и родителите односно старателите со годишната програма за работа, правата и обврските на сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес, како и организацијата на воспитно-образовната работата во училиштето и да ја објави на својата интернет страна.

## IV. ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

### Учебна година

### Член 50

(1) Учебната година во основното училиште, по правило, започнува на 1 септември, а завршува на 31 август наредната година.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во услови на вонредни околности од ставот (9) на овој член, учебната година може да започне и заврши и во време различно од времето утврдено во ставот (1) на овој член, за што одлучува Владата.
(3) Одлуката на Владата од ставот (2) на овој член, може да се однесува на целата територија на Републиката или на нејзин дел.
(4) Наставата во учебната година се остварува во 180 наставни денови.
(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, во услови на вонредни околности од ставот (9) на овој член, бројот на наставните денови во учебната година може да биде помал од 180, но не помалку од 100 наставни денови, за што одлучува Владата.
(6) Настава во основното училиште не се изведува за време на државни празници и други празници утврдени со закон.
(7) Најмалку половина од траењето на зимскиот распуст на учениците се платени неработни денови за вработените во училиштето, што се утврдува во Календарот за организацијата и работата на основното училиште. Овие денови не се дел од годишниот одмор и не се засметуваат во неговото траење.
(8) Наставата може да се остварува и во скратено траење за учениците од членот 13 став (1) и членот 14 став (1) од овој закон, но не помалку од 100 наставни денови, по добиена согласност од Министерството, според посебна наставна програма утврдена од министерот, на предлог на Бирото.
(9) Воспитно-образовната работа не смее да се прекинува во текот на наставната година, освен во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), за што одлучува Владата и го уредува начинот на организирање и реализирање на наставата до крајот на учебната година, но не помалку од 100 наставни денови, според скратени наставни програми, кои на предлог на Бирото, ги утврдува министерот.
(10) Во случај на прекин на воспитно-образовната работа заради штрајк, директорот на основното училиште, по претходна согласност од градоначалникот, а за државните основни училишта од министерот, е должен да го обезбеди остварувањето на воспитно-

образовната работа со замена на вработените кои штрајкуваат, за време додека трае штрајкот.

**Член 50-а**

(1) Во услови на вонредните околности од членот 50 став (9) од овој закон, во основното училиште може да се организира настава со физичко присуство на учениците или преку далечинско учење, со примена на средства за електронска комуникација, на начин согласно со членот 50 став (9) од овој закон.
(2) Средства за електронска комуникација, во смисла на овој закон, се средства кои обезбедуваат реализација на наставата без заедничко физичко присуство на учесниците во наставниот процес.
(3) Во основното училиште во условите од ставот (1) на овој член, кога наставата е организирана преку далечинско учење, може да се организира настава со физичко присуство на учениците доколку се исполнети критериумите и условите согласно со протоколите и планот за одржување на наставата за основните училишта, донесени од Владата согласно со закон, епидемиолошката и друга состојба на подрачјето на општината на која се наоѓа училиштето, бројот на учениците во паралелката и просторните и хигиенско санитарните услови во училиштето, на начин согласно со членот 50 став (9) од овој закон.

**Наставен час**
**Член 51**

(1) Наставниот час трае 40 минути.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во услови на вонредните околности од членот 50 став (9) од овој закон, наставниот час може да трае пократко, за што одлучува Владата.
(3) Наставниот час за учениците со попреченост може да трае пократко од наставниот час утврден во ставот (1) на овој член, доколку тоа е утврдено со индивидуалниот образовен план на ученикот.
(4) Наставниот час за учениците во основните музички и балетски училишта, може да трае пократко од наставниот час утврден во ставот (1) на овој член, доколку тоа е утврдено со наставните програми.

**Организација на наставата**
**Член 52**

(1) Наставата во учебната година се организира во две полугодија.
(2) Учебната година се утврдува со Календарот за организација и работа на основното училиште.
(3) Календарот од ставот (2) на овој член, го донесува министерот.

**Одделенија и паралелки**
**Член 53**

(1) Наставата во основното училиште се изведува по одделенија и паралелки.
(2) Одделението е воспитно-образовна целина во која се реализираат наставните програми според наставниот план за една учебна година. Учениците од исто одделение се распоредени по паралелки.
(3) Паралелка се формира од ученици од исто одделение.
(4) Бројот на ученици во паралелката е од 20 до 30 ученици.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, во услови на вонредните околности од членот 50 став (9) од овој закон, Владата го утврдува максималниот број на учениците во паралелка.
(6) Паралелка може да се формира и со помалку од 20 ученици по добиена согласност од основачот.
(7) Основачот може да формира паралелка од ставот (6) на овој член, по претходно позитивно мислење од Министерството.
(8) Наставата по изборните предмети училиштето ја организира во групи за кои се пријавени најмалку 15 ученици од исто одделение, од исти или различни паралелки.
(9) Во основното училиште може да се формира и комбинирана паралелка, по правило, од ученици од прво до трето одделение, со ученици од четврто и петто одделение или со ученици од шесто до деветто одделение, по добиена согласност од основачот.
(10) Основачот може да формира комбинирана паралелка од ставот (9) на овој член, по претходно позитивно мислење од Министерството.
(11) Комбинирана паралелка може да има најмногу до 10 ученици.
(12) Кога не може да се организира наставата по одделенија во паралелки за учениците во здравствени установи, казнено-поправни или воспитно-поправни установи, најблиското основно училиште организира индивидуална или групна воспитно-образовна работа.
(13) Бројот на учениците со попреченост во паралелка го утврдува училишниот инклузивен тим од членот 16 став (1) од овој закон, водејќи грижа за рамномерна распределба по паралелки, во зависност од видот на попреченоста и видот и обемот на потребните прилагодувања.

**Реализација на настава**
**Член 54**

(1) Воспитно-образовната работа во основното училиште опфаќа настава и други облици на организирана работа со учениците.
(2) Наставата во прво одделение ја изведува наставник по одделенска настава, педагог или наставник за предучилишно воспитание.
(3) Наставата во второ и трето одделение ја изведува наставник по одделенска настава или педагог.
(4) За изведување на наставата по англиски јазик од прво до трето одделение се вклучува наставник по англиски јазик.
(5) За изведување на наставата по физичко и здравствено образование од прво до петто одделение се вклучува и наставник по физичко и здравствено образование.
(6) Наставата во четврто одделение ја изведува наставник по одделенска настава или педагог, освен за наставата по англиски јазик и за наставата по македонски јазик за учениците од припадниците на заедниците кои наставата ја остваруваат на јазик и писмо различни од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.
(7) Наставата во петто одделение продолжува да ја изведува наставник по одделенска настава или педагог, освен за наставата по англиски јазик и за наставата по македонски јазик за учениците од припадниците на заедниците кои наставата ја остваруваат на јазик и писмо различни од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, а по природни науки и техничко образование се вклучуваат и предметни наставници.
(8) Наставата од шесто до деветто одделение ја изведуваат предметни наставници.
(9) Во продолжениот престој за учениците од прво одделение воспитно-образовната работа ја изведуваат наставниците за одделенска настава, педагог или наставници за предучилишно воспитание, а од второ до петто одделение наставниците за одделенска настава или педагог.

(10) Воспитно-образовната работа во училиштата со ресурсни центри и во центрите за поддршка на учењето ја остваруваат наставници, специјални едукатори и рехабилитатори, воспитувачи, педагози и психолози со соодветно високо образование.
(11) Воспитно-образовната работа во училиштата за основно музичко и балетско образование ја остваруваат наставници, корепетитори, педагози и психолози со соодветно образование.

**Училишна библиотека**
**Член 55**

(1) Училишната библиотека е место за библиотечно-информациони, воспитно-образовни и културни активности во училиштето со цел развивање кај учениците навики за читање и користење на библиотечки услуги.
(2) Во училишната библиотека се прибира, обработува библиотечната граѓа (книги, сериски публикации и сл) и им се дава на користење на учениците и вработениот кадар.
(3) Во библиотеката се организираат активности преку кои кај учениците се развива култура за читање не само во функција на учење, туку и за развивање на љубопитноста, креативноста и фантазијата, а ќе биде место на самостојно и колаборативно истражување и учење, како и развивање на информациската и медиумска писменост.
(4) Библиотеката е достапна и пристапна за сите ученици, вклучително и учениците со попреченост, има јавно истакнато работно време и е отворена доволен број на часови за да може секој ученик да ја посети.
(5) Училиштето е должно во фондот на библиотеката да ги прибира учебниците, наставните средства наменети за учениците, како и да обезбеди лектири за учениците и стручна литература за наставниците и стручните соработници.

**Меѓународна програма за основно образование (ИБ програма)**
**Член 56**

(1) Во основно училиште може да се реализира и меѓународна програма за основно образование (во натамошниот текст: ИБ Програма), за што согласност дава Министерството.
(2) Наставниот план и програми за ИБ Програмата ги утврдува министерот, на предлог на Бирото.
(3) ИБ Програмата е со иста важност како и редовното основно образование.
(4) Основното училиште реализира ИБ Програма согласно со стандардите на ИБ организацијата кои се однесуваат на организацијата и реализацијата на наставната програма.
(5) Основното училиште во кое се реализира ИБ Програма може да има најмногу три паралелки во одделение.
(6) Бројот на учениците во паралелките кои следат настава според ИБ Програма е најмногу до 24.
(7) За учениците кои следат настава според ИБ Програма, основното училиште организира продолжен престој во прво, второ, трето, четврто и петто одделение.
(8) Средствата за реализација на ИБ Програмата ги обезбедува Министерството, за што основното училиште во кое се реализира ИБ Програма секоја година најдоцна до 10 јуни во тековната наставна година, а за наредната учебна година до Министерството доставува финансиски план.
(9) Начинот на обезбедување на средствата од ставот (8) на овој член, го утврдува министерот.
(10) Основното училиште кое реализира ИБ Програма најдоцна до 1 октомври доставува до Министерството финансиски извештај за претходната учебна година.

(11) Училиштето кое реализира ИБ Програма (одделенска настава и предметна настава) е должно во рок од три години од денот на отпочнување со реализација на ИБ програмата да се акредитира од страна на ИБО, а врз основа на кои ќе добие статус на Светско ИБ училиште. 23 Доколку училиштетото во наведениот рок не се акредитира му престанува статусот на ИБ училиште и Министерството престанува со обезбедување на средствата од ставот (8) на овој член.

**Член 57**

(1) Во основното училиште во кое се реализира ИБ Програма најмалку една четвртина од вкупниот број од вработените наставници во основното училиште треба да имаат познавање од англискиот јазик, најмалку на ниво А1 според Заедничката европска референтна рамка за јазици, што се докажува со стекнат сертификат.
(2) Во основното училиште во кое се реализира ИБ Програма има координатор за ИБ Програма кој треба да има познавање на англискиот јазик од најмалку ниво Б2 според Заедничката европска референтна рамка за јазици што се докажува со стекнат сертификат, најмалку пет години работа како наставник и одлично познавање на работа со компјутери.
(3) Доколку координарот од ставот (2) на овој член, е избиран од редот на наставниците кои се во редовен работен однос за периодот додека ги врши задачите на ИБ координатор, работниот однос наставник во училиштето му мирува.

**Член 58**

(1) Во основното училиште во кое се реализира ИБ Програма се води главна книга и се води посебна педагошка документација и евиденција, во согласност со ИБ стандардите, која опфаќа: дневник на паралелката, евидентни листови за успехот на учениците, ученичка легитимација со постигнат успех на крајот од првото полугодие.
(2) Дневникот на паралелката наставникот го води задолжително и во електронска форма (е-дневник) на неделна основа, преку веб апликација која ја администрира Министерството.
(3) Формата и содржината на педагошката документација и евиденција која се води во основно училиште во кое се реализира ИБ Програма од ставот (1) на овој член, ги пропишува министерот, на предлог на Бирото.

## V. ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

### Статус на ученик

**Член 59**

(1) Детето со поаѓањето во основното училиште стекнува статус на ученик.
(2) Ученикот ја следи наставата и учествува во другите активности утврдени со наставниот план и програми за основно воспитание и образование.

### Време и возраст за запишување во училиште

**Член 60**

(1) Децата во прво одделение во основното училиште се запишуваат во месец мај за следната учебна година.
(2) При запишувањето на детето во прво одделение родителот, односно старателот е должен да достави потврда за примените задолжителни вакцини за детето, офталмолошки и стоматолошки преглед, издадена од надлежна здравствена установа.
(3) При запишувањето на детето со попреченост во прво одделение родителот, односно старателот е должен да достави и мислење/функционален профил од комисијата за проценка на деца и младинци за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според МКФ.

(4) Во прво одделение на основното училиште родителот, односно старателот е должен да го запише детето кое до крајот на календарската година ќе наполни шест години.
(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, детето може да се запише во прво одделение, доколку наполни шест години до 31 јануари наредната година, по претходно барање од родителот, односно старателот и добиено мислење од педагогот или психологот во училиштето.
(6) Запишувањето на детето, на барање на родителот, односно старателот, здравствената установа може да го одложи за една година ако се утврди дека детето не е подготвено да оди на училиште.
(7) Децата кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасната граница, може да се запишат во основно училиште согласно со членот 14 од овој закон.

**Комисија за запишување во училиште**
**Член 61**

(1) Запишувањето на детето во училиштето го врши тричлена комисија составена од педагог или психолог или специјален едукатор и рехабилитатор и наставник од редот на одделенските наставници. Комисијата ја формира директорот на училиштето.
(2) За запишаните ученици училиштето истакнува список на огласната табла на училиштето, најдоцна до 15 јуни.
(3) Доколку комисијата од ставот (1) на овој член, за запишан ученик процени дека детето има одредена развојна попреченост, а притоа родителот, односно старателот не доставил мислење/функционален профил од стручното тело за проценка, во најдобар интерес на детето е комисијата да го упати родителот, односно старателот кај стручното тело за проценка, со цел да се одредат потребните мерки за поддршка во учењето.
(4) За незапишувањето, односно за неподготвеноста на детето за тргнување во училиште, комисијата од ставот (1) на овој член, е должна писмено да го извести родителот, односно старателот најдоцна до 15 јуни.
(5) Родителот, односно старателот по известувањето од ставот (4) на овој член, има право на приговор во рок од осум дена од денот на добивањето на известувањето, до комисијата формирана од градоначалникот на општината.
(6) Запишувањето на децата кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасната граница, го врши комисија која ја формира директорот на училиштето. Комисијата е составена од педагог или психолог и два одделенски наставници.
(7) Начинот на запишување на учениците од ставот (6) на овој член, го утврдува министерот, на предлог на Бирото.

**Одложување на следење на наставата**
**Член 62**

(1) Во текот на наставната година на ученикот во прво одделение, на предлог на наставникот што ја води паралелката, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор или психолог, во согласност со родителот, односно старателот, од здравствени или други причини, може да му се одложи следењето на наставата за една година.
(2) За одложувањето на следењето на наставата од ставот (1) на овој член, одлучува директорот на предлог на комисија, во рок од 15 дена од денот на поднесување на предлогот од ставот (1) на овој член.
(3) Комисијата од ставот (2) на овој член, ја формира директорот на основното училиште и е составена од психолог, педагог и специјален едукатор и рехабилитатор и два одделенски наставници.
(4) Доколку училиштето нема вработено специјален едукатор и рехабилитатор, за член на комисијата од став (3) на овој член, се определува лице од основните училишта со ресурсен центар од подрачјето на општината каде е основното училиште или од центрите

за поддршка на учењето, односно од најблиското училиште со ресурсен центар или центар за поддршка на учењето.
(5) Родителот, односно старателот по одлуката од ставот (2) на овој член, има право на жалба до комисија формирана од градоначалникот на општината во рок од 15 дена од денот добивањето на истата.

**Реонизација на училиштата**
**Член 63**

(1) Родителот, односно старателот има право да го запише детето во основното училиште во реонот во кој живее или каде што постојано престојува.
(2) Основното училиште е должно да ги опфати учениците од својот реон.
(3) Родителот, односно старателот може да го запише детето во друго основно училиште во истиот или друг реон ако за тоа има согласност од училиштето во кое се запишува и од училиштето од реонот во кој живее или каде што постојано престојува.
(4) Основното училиште може да запише ученици од друг реон или од друга општина само доколку има слободни места за запишување или доколку ученикот од другиот реон или општина нема можност за следење на наставата на својот мајчин јазик во својот реон односно општина.
(5) Основачот го утврдува реонот на основните училишта од кои се запишуваат учениците во училиштата.
(6) Списокот на децата од реонот за запишување во основното училиште се добива од надлежните служби во единицата на локалната самоуправа кои водат евиденција на постојаните и привремените жители.
(7) Списокот од ставот (6) на овој член, единиците на локалната самоуправа го добиваат од надлежниот орган за водење на матични книги на родени и починати деца, како и од надлежниот орган за водење евиденција за движење на граѓаните надвор од земјата.
(8) Списокот од ставот (6) на овој член, содржи име на детето, име на еден од родителите односно старателите, презиме на детето, датум и година на раѓање на детето, адреса на живеење/престојувалиште во државата односно дали е надвор од државата.
(9) Во текот на школувањето ученикот може да премине во друго основно училиште ако има согласност од училиштето во коешто преминува.
(10) Одредбите од ставовите (1) и (3) на овој член, не се однесуваат на децата со попреченост.

**Известување на просветниот инспектор за незапишани и неоправдано отсутни ученици**
**Член 64**

(1) Основното училиште е должно да го извести овластениот просветен инспектор на општината или државнот просветен инспектор во општините каде нема овластен просветен инспектор за децата кои не се запишани во прво одделение до 20 јуни, а за учениците кои неоправдано не го посетуваат основното училиште повеќе од еден месец, во рок од три работни дена од истекот на месецот.
(2) За учениците кои не се запишани во основното училиште согласно со членот 60 став (4) од овој закон, училиштето е должно да преземе активности со цел нивно запишување во основното училиште.
(3) Активности кои ги презема училиштето од ставот (2) на овој член, се: домашна посета на семејствата на учениците кои не се запишани односно учениците кои неоправдано не го посетуваат основното училиште повеќе од еден месец, соработка со граѓански организации кои работат за намалување на дискриминација, сегрегација и изолација, едукација на родители односно старатели, отворен информативен ден на училиштето.

## VI. ПРАВА И ОБВРСКИ НА УЧЕНИЦИТЕ

### Заштита на интегритетот на учениците

### Член 65

(1) Секој вработен во училиштето е должен да се грижи за најдобриот интерес на ученикот и да го почитува неговото достоинството, како и Конвенцијата за правата на детето.
(2) Забрането е телесно, психичко и сексуално малтретирање и казнување на ученикот и понижувачко однесување и постапување кон него.

### Спречување на насилство врз учениците

### Член 66

(1) Директорот на училиштето е должен да го пријави секој облик на насилство, злоупотреба или занемарување сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител односно старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице кое е вработено во училиштето, до надлежните институции утврдени со закон.
(2) Постапката за пријавување и заштита на ученик - жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување се утврдуваат со подзаконски акт.
(3) Подзаконскиот акт од ставот (2) на овој член на предлог на Бирото го донесува министерот.

### Право и обврска да се посетува наставата и воспитно-образовната работа

### Член 67

(1) Ученикот има право и обврска да ја посетува наставата и да учествува во воспитно-образовната работа што ја организира основното училиште.
(2) Ученикот има обврска да постапува согласно со правилата за однесување во училиштето предвидени во куќниот ред, редовно да ја посетува наставата и да ги исполнува планираните обврски и задачи што се предвидени со наставниот план и програми и годишната програма за работа.

### Ученичко организирање и учество

### Член 68

(1) Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште.
(2) Начинот на ученичкото организирање од ставот (1) на овој член, се уредува со статутот на училиштето.
(3) За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент.
(4) Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките.
(5) Првото свикување на ученичкиот парламент го врши директорот на училиштето.
(6) Ученичкиот парламент:
- активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците,
- го промовира ученичкиот активизам,
- учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и воннаставните активности,
- учествува во подготовката на годишната програма за работа,
- дава предлог активности за годишните програми за екскурзии,
- дава предлози за воннаставни активности на училиштето,
- дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард,
- учествува во евалуацијата на работата на училиштето,
- преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет и

- организира и учествуваат во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа.
(7) Претседателот на ученичкиот парламент се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање.
(8) Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение, по пат на тајно гласање.

**Ослободување од одделни активности**
**Член 69**

Ученикот од здравствени причини може да биде ослободен од учеството во одделни активности во наставата во основното училиште, врз основа на потврда издадена од соодветна здравствена установа.

**Изостаноци од настава**
**Член 70**

(1) За секое изостанување на ученикот од настава родителот односно старателот е должен да го извести раководителот на паралелката за причините за изостанувањето.
(2) Ученикот може да отсуствува од наставата ако неговото изостанување родителот односно старателот го најави однапред во училиштето, но не повеќе од пет дена во наставната година.
(3) Директорот на училиштето по писмено барање на родителите односно старателите од оправдани причини може да му дозволи на ученикот подолго изостанување од наставата, но не подолго од 30 дена.

**Продолжување на обврската за основно образование**
**Член 71**

(1) Ученикот кој наполнил 16 години, а сеуште не завршил основно оразование, го продолжува образованието во рамките на програмата за основно образование за возрасни.
(2) Ученикот од ставот (1) на овој член, го задржува статусот на ученик, согласно со закон.
(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, ако ученикот е последна година во основно образование тогаш образованието го продолжува во рамки на училиштето каде што ја следел наставата.

**Педагошки мерки**
**Член 72**

(1) Кон ученикот кој не ги извршува обврските и ги повредува правилата на воспитно-образовната работа се применуваат следниве педагошки мерки: усна опомена, писмена опомена, укор, преместување на ученикот во друга паралелка и намалување на поведението.
(2) Истовремено со изрекување на педагошките мерки од ставот (1) на овој член, директорот на училиштето формира тим за поддршка кој ќе работи со родителот, односно старателот, ученикот, наставникот и паралелката, со цел надминување на проблемот. Тимот за поддршка е составен од двајца претставници од редот на стручните соработници и еден наставник. Училиштето може да повика и трети лица, (социјален работник) да учествуваат во тимот за поддршка.
(3) Начинот на изрекување на педагошките мерки го пропишува министерот, на предлог на Бирото.

**Право на бесплатен превоз**
**Член 73**

(1) Ученикот има право на организиран или бесплатен превоз ако местото на живеење е оддалечено најмалку два километри од најблиското основно училиште.
(2) Учениците со попреченост и лицата за нивна придружба имаат право на бесплатен пристапен превоз без оглед на оддалеченоста и пристапноста на нивното место на живеење до основното училиште.

**Оброк во училиштата**
**Член 74**

(1) Основното училиште, во договор со родителите односно старателите, а согласно со прописите од областа на јавните набавки, може за сите ученици да организира најмалку еден оброк во текот на престојот во училиштето. Трошоците за оброкот ги плаќа родителот, односно старателот. Во случаите кога родителот, односно старателот е примател на гарантирана минимална помош, трошоците за оброкот може да ги надомести основачот.
(2) Стандардите за исхраната и за оброците во училиштето ги утврдува Министерството, во соработка со соодветна стручна установа. Нутритивниот квалитет на храната и оброците ги утврдува Институтот за јавно здравје и Центрите за јавно здравје во Република Северна Македонија.
(3) Директорот на основното училиште е должен да го следи обезбедувањето на стандардите за исхраната и за оброците во основните училишта од ставот (2) на овој член, и за забележаните неправилности да ги извести надлежните служби од ставот (5) на овој член, веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на утврдувањето на неправилностите.
(4) Советот на родители може да побара вонреден инспекциски надзор дали во основното училиште оброците се согласно со стандардите за исхраната.
(5) Инспекцискиот надзор за следење на утврдените стандарди за исхраната и за оброците во основните училишта од ставот (2) на овој член, го вршат Агенцијата за храна и ветеринарство, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Институтот за јавно здравје и Центрите за јавно здравје, согласно со закон.
(6) За утврдените неправилности при спроведување на стандардите за исхраната и за оброците во основните училишта и преземените мерки, надлежните органи од ставот (5) на овој член, го известуваат директорот на училиштето, општината, Министерството и Државниот просветен инспекторат.

**Дипломи, пофалници и награди**
**Член 75**

(1) Учениците кои се истакнуваат со своето знаење или со други видови постигања, основното училиште ги пофалува, односно наградува.
(2) На учениците кои постигнуваат натпросечни резултати во одредени наставни предмети или вонаставни активности, основното училиште, на предлог на наставничкиот совет, им издава посебни дипломи и пофалници.
(3) На крајот на деветтото одделение училиштето може да издаде диплома за првенец на генерација најмногу на тројца ученици.
(4) Формата и содржината на дипломите, како и начинот на нивното издавање ги пропишува министерот на предлог на Бирото.

**Советување на родителите, односно старателите**
**Член 76**

Родителот, односно старателот се упатува на советување, ако:
- ученикот во текот на наставната година истовремено има негативна оценка по три или повеќе предмети,
- ученикот има направено повеќе од десет неоправдани изостаноци,
- ученикот го навреди наставникот,
- ученикот учествува во различни форми на насилство,
- ученикот покажува антисоцијално (девијантно) и асоцијално однесување,
- ученикот предвреме го напушти образованието,
- ученикот користи говор на омраза и
- во краток период на ученикот значително му се намали успехот.

**Постапка на советување на родителите, односно старателите**
**Член 77**

(1) Одделенскиот, односно раководителот на паралелката повикува на советување најмалку еден родител, односно старател, со покана упатена преку телефон, по пошта или со лична достава.
(2) Ако поканата за советување се однесува на антисоцијално (девијантно) и асоцијално однесување на ученикот, пред да се испрати поканата се бара стручно мислење од Педагошката служба.
(3) Педагошката служба, во рок од десет дена од приемот на барањето доставува стручно мислење за однесувањето на ученикот од ставот (2) на овој член.
(4) Поканата за советување на родителот, односно старателот треба да биде нумерирана и да се достави најмалку осум дена пред одржувањето на советувањето.
(5) Ако родителот, односно старателот од оправдани причини не може да се јави на поканата е должен за отсуството да го извести одделенскиот, односно раководителот на паралелката, пред одржувањето на советувањето или во рок од три дена по советувањето.
(6) Одделенскиот, односно раководителот на паралелката го известува психологот, односно педагогот во училиштето за доставената покана за советување на родителот, односно старателот.
(7) Психологот, односно педагогот на училиштето изготвува неделен и месечен план за одржување на советувањето.
(8) Со учениците чии родители, односно старатели се упатени на советување заради постапувања на ученикот од членот 76 од овој закон, психологот, односно педагогот реализира советување на ученикот, по завршување на советувањето на родители, односно старатели, согласно Програма за советување на ученици и родители, односно старатели, која на предлог на Педагошката служба, ја утврдува министерот.

**Начин на вршење на советувањето на родителите, односно старателите**
**Член 78**

(1) Советувањето од членот 77 од овој закон, по правило, го врши психологот и/или педагогот во училиштето.
(2) На советувањето на родителот, односно старателот и психологот, односно педагогот е должен да постапува согласно со Програмата од членот 77 став (8) од овој закон.
(3) За одржаното советување од ставот (2) на овој член, психологот, односно педагогот води записник и листа на присуство.

## VII. ВРАБОТЕНИ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

**Лица кои остваруваат воспитно-образовна работа**
**Член 79**

(1) Воспитно-образовната работа во основното училиште ја реализираат наставници и стручни соработници (педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, социолог, социјален работник, библиотекар и друго).
(2) Наставниците и стручните соработници воспитно образовната работа ја остваруваат согласно со закон.

**Видови работни места во основните училишта**
**Член 80**

Во основното училиште работните места на вработените се:
- административни службеници,
- даватели на јавни услуги во основното образование и
- помошно-технички лица.

**Административни службеници во основните училишта**
**Член 81**

(1) Вработените во основните училишта кои вршат работи од административна природа заради остварување на дејноста основно образование имаат статус на административни службеници и за нив се применуваат одредбите од овој закон, Законот за административни службеници и општите прописи за работни односи.
(2) За вработените од ставот (1) на овој член, се утврдуваат следниве нивоа на работни места:
- категорија В - стручни,
- ниво В1 советник за нормативно правни работи (секретар) и советник за сметководствени работи (сметководител),
- категорија Г - помошно-стручни,
- ниво Г1 самостоен референт (технички секретар кој врши благајнички, и други слични работи, благајник кој врши и административни и слични работи) и
- ниво Г2 виш референт (благајник, технички секретар и други).

**Даватели на јавни услуги во основното образование**
**Член 82**

(1) Вработените во основните училишта кои вршат воспитно-образовна работа во дејноста основно образование, имаат статус на даватели на јавни услуги во основното образование и се вработуваат согласно со одредбите од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта.
(2) За останатите вработените кои се даватели на јавни услуги, а не се вработуваат согласно со одредбите од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта се утврдува следната категорија и ниво на работни места:
- категорија М воспитувач и
- ниво М1 воспитувач.
(3) За вработените од ставот (2) на овој член, се применуваат одредбите од овој закон, прописите од областа на вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

**Помошно-технички лица во основните училишта**
**Член 83**

(1) Вработените во основните училишта кои вршат помошно-технички работи, имаат статус на помошно-технички лица и за нив се применуваат одредбите од овој закон, прописите од областа на вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.
(2) За вработените од ставот (1) на овој член, се утврдуваат следниве подгрупи, категории и нивоа на работни места:

- подгрупа 1 категорија А ниво А1 хигиеничар, ложач-ракувач на парни котли, економ-домаќин, хаус-мајстор и други,
- подгрупа 2 категорија А ниво А1 чувар и други,
- подгрупа 3 категорија А ниво А1 возач и други,
- подгрупа 4 категорија А ниво А1 сервирка-садомијач, готвач и други и
- подгрупа 5 категорија А ниво А1 општ работник, перачка, негувател и други.

**Годишен план за вработување во основните училишта**
**Член 84**

Директорот на основното училиште подготвува годишен план за вработување во основното училиште за следната година, согласно со прописите од областа на вработените во јавниот сектор.

**Услови за вработување во основно училиште**
**Член 85**

(1) Давателите на јавните услуги се вработуваат согласно со овој закон, Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, прописите од областа на вработените во јавниот сектор и општите прописи за работните односи.
(2) Административните службеници во основните училишта се вработуваат по пат на јавен оглас согласно со Законот за административни службеници.
(3) Помошно-техничките лица во основните училишта се вработуваат по пат на јавен оглас согласно со прописите од областа на вработените во јавниот сектор и општите прописи за работните односи.
(4) При изборот на помошно-техничките лица се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници и почитување на критериумите на стручност и компетентност.
(5) Лицата од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, кои се вработуваат на постојни работни места испразнети по основ на пензионирање, боледување, отказ, смрт, преземање или друго, а за кои работни места биле обезбедени финансиски средства, можат да засноваат работен однос и без јавен оглас, на определено време, најмногу до три месеца со согласност од градоначалникот за општинските основни училишта односно министерот за државните основни училишта.

**Воспитувач**
**Член 86**

(1) За воспитувач може да се вработи лице коешто покрај општите услови ги исполнува и следниве посебни услови:
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да има соодветно образование согласно со нормативот за воспитувач,
- го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и јазикот и писмото на кој ќе ја изведува наставата и
- да има положено стручен испит за воспитувач.
(2) Директорот на основното училиште формира комисија составена од три члена од редот на воспитно-образовниот кадар кој врши проверка на познавањето на јазикот на воспитувачите од ставот (1) на овој член, освен доколку воспитувачот е наставник за предметот македонски јазик.
(3) На јавниот оглас за засновање на работен однос за воспитувач може да се пријави и лице без положен стручен испит и да се заснова работен однос на определено работно време до крајот на учебната година.
(4) Без положен стручен испит не може да се заснова работен однос на неопределено време.

(5) Нормативот од ставот (1) алинеа 2 на овој член, го утврдува министерот на предлог на Бирото.

**Јавен оглас за вработување**
**Член 87**

(1) Воспитувачот го избира директорот на училиштето, по пат на јавен оглас и заснова работен однос на определено до крајот на учебната година.
(2) Воспитувачите кои се вработуваат на постојни работни места испразнети по основ на пензионирање, боледување, отказ, смрт, преземање или друго, а за кои работни места биле обезбедени финансиски средства, можат да засноваат работен однос и без јавен оглас, на определено време, најмногу до три месеца со согласност од градоначалникот за општинските основни училишта односно министерот за државните основни училишта.
(3) Јавниот оглас од ставот (1) на овој член, се објавува во најмалку два дневни весника од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.
(4) Основното училиште, пред да распише јавен оглас за вработување, потребата од воспитувач на определено време ја обезбедува со воспитувач со соодветно образование со неполн фонд на работни часови од друго јавно училиште во општината по обезбедена согласност за вработување на определено работно време од Министерството.

**Вработување на определено време**
**Член 88**

Асистентите од членот 19 став (1) од овој закон, засноваат работен однос на определено време, најмногу до крајот на учебната година.

**Трансформација на работниот однос**
**Член 89**

(1) Во дејноста на основното образование трансформацијата на работниот однос од определено во неопределено време е дозволена само ако:
- воспитувачот има работен стаж повеќе од две години во воспитно-образовна установа верифицирана од министерството, со прекин или без прекин,
- воспитувачот е на работното место за кое се бара трансформација, испразнето по основ на пензионирање, отказ, смрт или други основи и се обезбедени финансиски средства,
- воспитувачот ги исполнува условите предвидени во нормативот за воспитувач,
- работодавачот утврди дека има трајна потреба од воспитувач и истото нема да предизвика технолошки вишок,
- воспитувачот има положен стручен испит и
- е добиена согласност за трансформација на работен однос од Министерството.
(2) Барањето за трансформација на работен однос, училиштето го доставува до Комисијата за трансформација на работен однос (во натамошниот текст: Комисијата за трансформација), која ја формира градоначалникот на општината, односно министерот за државните основни училишта и е составена од три члена, и тоа: по еден член од општината, односно Министерството, Државниот просветен инспекторат и репрезентативниот синдикат за образование. Претседател на комисијата за трансформација е претставникот од Државниот просветен инспекторат.
(3) Комисијата за трансформација се формира за период од три години.
(4) Кон барањето за трансформација на работниот однос, училиштето до Комисијата за трансформација доставува:
- извештај за остварен работен стаж од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија,

- изјава од директорот на училиштето дека постојното работното место за кое се бара трансформација е испразнето по основ на пензионирање, отказ, смрт или други основи и се обезбедени финансиски средства,
- изјава од директорот на училиштето дека има трајна потреба од лицето и нема да предизвика технолошки вишок,
- копија од диплома/уверение за завршено соодветно образование согласно со нормативот,
- копија од уверение за положен стручен испит и
- анализа на работните места на ниво на училиште.

(5) Комисијата за трансформација врши проверка на доказите од ставот (4) на овој член и изготвува извештај со предлог за трансформација само за лицата кои ги исполнуваат условите за трансформација на работен однос. Извештајот со предлогот потребно е да содржи и анализа на работните места на ниво на училиште и на општина и истиот задолжително треба да биде потпишан од сите членови на Комисијата за трансформација.

(6) Комисијата за трансформација за општинските основни училишта извештајот со предлогот од ставот (5) на овој член, го доставува до Министерството.

(7) На воспитувачите кои не ги исполнуваат условите од ставот (1) на овој член, Комисијата за трансформација ги враќа документите на училиштето со образложение, во рок од седум дена од денот на разгледувањето на истите.

(8) Директорот на основното училиште врз основа на известувањето од ставот (7) на овој член, во рок од седум дена од денот на добивањето на известувањето, донесува одлука за одбивање на трансформација на работниот однос.

(9) Воспитувачот кој не е задоволен од одлуката од ставот (8) на овој член, има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(10) Министерството врз основа на извештајот со предлогот од ставот (5) на овој член, за лицата кои ги исполнуваат условите за трансформација на работен однос дава согласност за трансформација на работниот однос.

(11) Директорот на основното училиште врз основа на дадената согласност од ставот (10) на овој член, во рок од седум дена од денот на добивањето на согласноста, донесува одлука за трансформација на работниот однос.

**Безбедност и здравје при работа на вработените во основното училиште**
**Член 90**

Вработените во основното училиште, согласно со прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа, мораат да бидат систематски прегледани.

**Права при престанок на работен однос**
**Член 91**

На воспитувач за чија работа престанала потребата поради деловни причини, не може да му престане работниот однос, додека не му се обезбеди едно од правата согласно со општите прописи од областа на работните односи и Колективниот договор за основно образование.

## VIII. ПЕДАГОШКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕВИДЕНЦИЈА И ЗБИРКИ НА ПОДАТОЦИ
**Видови педагошка документација**
**Член 92**

(1) Основното училиште собира, обработува, чува, посредува и употребува податоци што се содржат во педагошката документација и евиденција согласно со овој закон и прописите од областа на заштитата на личните податоци.

(2) Педагошката документација во смисла на овој закон опфаќа: главна книга на учениците, евидентни листови за успехот на учениците, ученичка легитимација, свидетелство, додаток на свидетелство и преведница.
(3) Главната книга на учениците е документ од трајна вредност.

**Начин на водење на педагошката документација**
**Член 93**

(1) Педагошката документација од членот 92 став (2) од овој закон, се води и издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо.
(2) За учениците припадници на заедниците кои наставата ја остваруваат на јазик и писмо различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, педагошката документација од ставот (1) на овој член, се води и издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото на којшто се изведува наставата.
(3) Дневникот на паралелката се води на јазикот и писмото на кој се изведува наставата.
(4) Во училиштата се води и електронски дневник (е-дневник) на неделна основа, преку веб апликација која ја администрира Министерството.
(5) Формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција ги пропишува министерот, на предлог на Бирото.

**Јавни исправи кои ги издава основното училиште**
**Член 94**

(1) Свидетелството, додатокот на свидетелството, ученичката легитимација и преведницата се јавни исправи.
(2) Јавните исправи се издаваат во еден примерок. Во случај издадениот документ од ставот (1) на овој член, да се изгуби или уништи, основното училиште издава нов примерок - дупликат.
(3) Училиштето е должно да издаде нова јавна исправа со променети податоци согласно со решение од надлежен орган.
(4) Ученикот кој изгубил свидетелство може да бара издавање на документот во вонпарнична постапка пред надлежниот суд на чие подрачје е седиштето или било седиштето на основното училиште, ако основното училиште кое ја чува документацијата не може да издаде нов примерок.

**Цели за водење на збирки на податоци**
**Член 95**

(1) Основното училиште собира, обработува, чува, испраќа и користи податоци содржани во збирките на податоци согласно со прописите за заштита на личните податоци, за потребите на интегрираната база на податоци која ја води Министерството.
(2) Збирките на податоци од ставот (1) на овој член, се водат за следниве цели:
- унапредување на процесите и процедурите потребни за управувањето со човечките ресурси, финансиите и инфраструктурата во основните училишта,
- обезбедување навремени, конзистентни, целосни и точни податоци што ќе претставуваат поддршка на процесот на донесување одлуки, спроведувањето на образовната политика и планирањето на реформите во основното образование,
- обезбедување на податоци неопходни за функционирање на друг потсистем (електронски дневник) во основното образование и
- ефикасно управување со распределбата на средствата во децентрализираниот образовен систем, планирањето на изградба и реконструкцијата на училишната

инфраструктура и унапредувањето на професионалниот развој на вработените во основните училишта.
(3) За остварување на целите од ставот (2) на овој член, министерот може да склучи договор за размена на лични податоци со домашни и меѓународни организации, институции и органи на државната управа, согласно со прописите од областа на заштитата на личните податоци.

**Видови збирки на податоци**
**Член 96**

(1) Во основното училиште се водат следниве збирки на податоци:
- збирка на податоци за учениците запишани во основното училиште,
- збирка на податоци за деца што се на училишна возраст, а не се запишани во училиште,
- збирка на податоци за родители, односно старатели на ученици запишани во основното училиште,
- збирка на податоци за вработените во основното училиште.

(2) Податоците од ставот (1) на овој член, се ажурираат со секоја промена на податоците, а најмалку еднаш годишно.

**Содржина на збирките на податоци**
**Член 97**

(1) Збирката на податоци за учениците запишани во основното училиште од членот 96 став (1) алинеја 1 од овој закон, опфаќа: единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ), презиме, татково име и име на ученикот, датум и место на раѓање, пол, припадност на заедница, мајчин јазик на ученик, адреса, место на живеење, контакт телефон и електронска адреса на родителот, односно старателот, попреченост, статус на ученикот (редовен ученик, ученик кој предвреме го напуштил образованието и причината за напуштањето).
(2) Збирката на податоци за деца кои не се запишани во основното училиште од членот 96 став (1) алинеја 2 од овој закон, опфаќа: ЕМБГ, презиме, татково име, име на мајката и име на детето, датум и место на раѓање, пол, адреса, општина на живеење, место на живеење, причини за незапишување на детето, преземени мерки по однос на незапишувањето.
(3) Збирката на податоци за податоци за родители, односно старатели на ученици запишани во основно училиште од членот 96 став (1) алинеја 3 од овој закон, опфаќа: сродство со ученикот, име и презиме, датум и место на раѓање, пол, припадност на заедница, адреса и место на живеење, контакт телефон, е-меил адреса и степен на образование.
(4) Збирката на податоци за вработените во училиштето од членот 96 став (1) алинеја 4 од овој закон, опфаќа: ЕМБГ, презиме, татково име и име на вработениот, пол, припадност на заедница, датум и место на раѓање, адреса, место на живеење, општина, привремена адреса и место на живеење, државјанство, вид и степен на образование, последно завршено училиште/факултет, претходно работно искуство, категорија на вработен, работно место со фонд на часови, контакт телефон, број на службен телефон, електронска адреса, попреченост, Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (ФЗО) подрачна единица, Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија (ПИОМ) број, датум на вработување, датум на престанок на работен однос, основ за престанок на работен однос, статус на вработен (на неопределено/определено време).
(5) Личните податоци од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, основното училиште ги добива од родителите, односно старателите на учениците, а личните податоци од ставот (4) на овој член, ги добива од вработените во училиштето.

(6) За настанатата промена во збирката на податоци од ставот (1) на овој член во случај на утврдена причина за напуштање на воспитно образовниот процес кај ученикот, посебно во случај кога ученикот стапил во вонбрачна заедница, училиштето е должно да го извести надлежниот центар за социјални работи, Државниот просветен инспекторат и лицето одговорно за образование во општината во рок од три дена од денот на пријавувањето на промената од страна на родителот односно старателот за негово постапување согласно со закон.

**Информационен систем „Опсерваторија на вештини“**
**Член 98**

(1) Во Министерството се воспоставува Информационен систем „Опсерваторија на вештини“ (во натамошниот текст: Опсерваторија на вештини) во кој се води збирка на податоци за учениците.
(2) Збирката на податоци од ставот (1) на овој член се води за следниве цели:
- обезбедување на информации во однос на програмите кои ги нуди основното образование, како и основното образование за возрасни,
- поддршка на развојот на политика преку обезбедување на соодветна аналитичка и информациска позадина на установите за основно образование, нивните програми и перформанси,
- помош на родителите односно старателите и учениците во изборот на професија и соодветни училишта, со цел зголемување на можноста за нивно идно вработување и
- достапност на информации за вработливоста на одредени струки, очекуваното време на чекање за вработување, нивото на примања по образовен профил и слично.

**Збирка на податоци за учениците за потребите на Опсерваторијата на вештини**
**Член 99**

(1) Податоците за учениците за потребите на Опсерваторијата на вештини се обезбедуваат од информационите системи на Министерството Информациски систем за образовен менаџмент (ИСОМ), електронски дневник (е-дневник) и Електоронски систем за административна работа на училиштата (ЕСАРУ), и тоа: ЕМБГ, име, презиме, пол, име на основното училиште, датум на запишување, датум на отпишување, датум на завршување, времетрање на учебната година, припадност на заедница, учебна година, датум на раѓање.
(2) Збирката на податоци за учениците прибрани за потребите на Опсерваторијата на вештини се чуваат три години по нивното прибирање во информациски систем на Министерството.

**Обезбедување на податоци за Опсерваторија на вештини**
**Член 100**

За потребите на Министерството, податоците во Опсерваторијата на вештини, се обезбедуваат од следните институции:
- Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија (ЕМБГ, име, презиме, пол, припадност на заедница, работно искуство, датум на прво вработување, претходни работодавачи, тековен работодавач, месечна плата),
- Управа за јавни приходи (ЕМБГ, име, презиме, пол, припадност на заедници, висина на месечна плата),
- Агенција за вработување на Република Северна Македонија (ЕМБГ, име, презиме, припадност на заедница, пол, статус-код (вработен, невработен, непознат статус), датум на последно вработување, месечна плата, дејност на компанијата, име на компанијата, работно место (кодови),
- акредитирани високообразовни установи (ЕМБГ, име, презиме, пол, име на факултет,

име на универзитетот, циклус на студии (додипломски, постдипломски, докторски), датум на запишување, датум на отпишување, датум на дипломирање, титула по дипломирање, пол, времетраење на студиите, класификација на научно истражувачки области, наставен план, припадност на заедница, академска година),
- Центар за образование на возрасните (статистички податоци),
- Министерство за труд и социјална политика (статистички податоци),
- Центар за стручно образование и обука (статистички податоци) и
- Државен завод за статистика (статистички податоци).

**Веб портал за Опсерваторија на вештини**
**Член 101**

(1) Опсерваторијата на вештини е информациски систем со веб базиран портал, кој го води и администрира Министерството.
(2) За целите наведени во член 98 ставот (2) од овој закон, пристап до статистичките извештаи и пристап до јавно достапните извештаи може да им се обезбеди на:
- основни училишта,
- средни училишта,
- Министерство за труд и социјална политика,
- Центар за образование на возрасните,
- Центар за стручно образование и обука,
- Државен завод за статистика,
- Агенција за вработување на Република Северна Македонија и
- акредитирани високообразовни установи.

**Права на вработениот или родителот односно старателот во однос на збирките на податоци**
**Член 102**

(1) Родителот, односно старателот или вработен во училиштето во случај на промена на податок е должен да го извести училиштето во рок од седум дена од денот на настанатата промена, а училиштето е должно во рок од три дена од денот на добивањето на известувањето да изврши промена во збирката на податоци.
(2) Родителот, односно старателот или вработен во училиштето имаат право на пристап до личните податоци содржани во членовите 97 и 99 од овој закон, како и да добијат препис или да ја копираат информацијата за личниот податок.
(3) Родителот, односно старателот или вработен во училиштето имаат право да бараат исправка на личен податок, со поднесување на писмено барање до училиштето.
(4) Училиштето е должно во рок од 30 дена од добивањето на барањето да направи исправка и да го извести родителот односно старателот, односно вработениот во училиштето за направената исправка.

**Овластено лице за обработка на личните податоци**
**Член 103**

(1) Директорот на основното училиште, од редот на вработените во училиштето овластува лице, односно лица за обработка на личните податоци од членовите 97 и 99 од овој закон.
(2) Лицата од ставот (1) на овој член, имаат обврска личните податоци да ги чуваат во тајност. До личните податоци пристап можат да имаат и други овластени стручни лица од министерот, на кои овие податоци им се потребни заради електронскиот дневник, согласно со закон.

**Користење, објавување и чување на личните податоци**

**Член 104**

(1) За целите на научните истражувања и подготовка на статистички анализи, личните податоци можат да се користат, објават и чуваат, но не во форма која овозможува идентитификација на лицето на кое се однесуваат личните податоци.
(2) Збирката на податоци за учениците и збирката на податоци за родители, односно старатели на ученици кои ги води основното училиште се чуваат четири години по завршувањето на основното образование на ученикот, односно две години по негово испишување од основното училиште.
(3) Збирката на податоци за вработените кои ги води основното училиште се чуваат до престанокот на работниот однос на вработениот во основното училиште.

**Работа со личните податоци**

**Член 105**

Начинот на обработка на личните податоци, лицата кои се овластени да ги користат податоците содржани во поединечните збирки на лични податоци, критериумите според кои се утврдува нивото на пристап на лицата кои се овластени да ги обработуваат личните податоци, техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, начинот на уништување по истекувањето на рокот на чување на личните податоци и други мерки ги утврдува министерот.

## IX. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И СТРУЧНИ ОРГАНИ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

**Орган на управување на основно училиште**

**Член 106**

(1) Орган на управување на основното училиште е училишниот одбор.
(2) Училишниот одбор на основното училиште е составен од седум члена и тоа: тројца претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачите од училиштето, тројца претставници од родителите, односно старателите на учениците и еден претставник од основачот.
(3) На седниците на училишниот одбор, се поканувaат и во неговата работа учествуваат, без право на глас и двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент.
(4) Членовите на училишниот одбор не смеат меѓусебно и со директорот на училиштето да бидат во роднинска врска по права линија во било кој степен, односно странична линија до трет степен за што сите членови потпишуваат изјава.
(5) Мандатот на членовите на училишниот одбор е три години, а мандатот на претставниците на родителите е за период до завршување на основното образование на нивното дете, но не подолго од три години.
(6) Училишниот одбор од редот на своите членови - претставници од родителите, односно старателите избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број членови, по пат на тајно гласање.
(7) Одлуките на училишниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови.
(8) Директорот на училиштето не учествува во работата на училишниот одбор, но за работи кои се од значење за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето може да биде поканет од страна на претседателот на училишниот одбор, односно од страна на две третини од членовите на училишниот одбор.

**Избор на училишен одбор**

**Член 107**

(1) Претставниците од наставниците, стручните соработници и воспитувачите во училишниот одбор ги избира наставничкиот совет со тајно гласање.

(2) Претставниците на родителите односно старателите ги избира Советот на родителите со тајно гласање.
(3) Претставниците на училишната заедница се избираат со тајно гласање од ученичкиот парламент, кое се спроведува на почетокот на секоја учебна година.
(4) Постапката за избор на претставниците на вработените на основното училиште, родителите односно старателите во училишниот одбор на училиштето и на претставниците на училишната заедница се утврдува со статутот на училиштето.

**Надлежност на училишниот одбор**
**Член 108**

(1) Училишниот одбор на основното училиште:
- донесува статут на основното училиште,
- предлага годишна програма за работа и извештај за работа на основното училиште до советот на општината, а државните основни училишта до Министерството,
- донесува Развојна програма на училиштето,
- предлага финансиски план до основачот,
- предлага завршна сметка до основачот,
- објавува јавен оглас за избор на директор во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик,
- врши интервју со кандидатите за директор,
- предлага на градоначалникот на општината односно на министерот еден кандидат од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за избор на директор,
- дава предлог до директорот за избор на наставниците и стручните соработници,
- одлучува по приговорите и жалбите на вработените во основното училиште,
- одлучува по жалбите на ученици, родители, односно старатели на ученици и
- врши и други работи утврдени со статутот на основното училиште.

(2) Училишниот одбор на основното училиште за поднесените жалби мора да одлучи во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата.
(3) Доколку подносителот на жалба е член на училишниот одбор истиот се иззема од процесот на одлучување по жалбата.

**Орган на раководење на основно училиште**
**Член 109**

(1) Орган на раководење во основното училиште е директорот.
(2) Директорот е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето.
(3) За директор на основно училиште може да се избере лице кое има најмалку високо образование и кое ги исполнува условите за наставник или стручен соработник во основно училиште и ако има најмалку пет години работно искуство во воспитно-образовната работа, положен испит за директор за основно училиште и во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, да има соодветен сертификат, не постар од пет години, за познавање на англискиот јазик ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) - најмалку 30 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 3 бода, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 20 бода или КЕТ (КЕТ) (Cambridge English) - положен, или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2). Предност имаат кандидати со звање ментор и советник.
(4) Доколку нема пријавено кандидат со положен испит за директор, за директор може да биде избрано и лице кое не положило испит за директор, но е должно истиот да го положи во рок од една година од денот на изборот за директор.

(5) Ако избраниот директор не го положи испитот за директор во рокот утврден во ставот (4) на овој член, му престанува мандатот на директор.
(6) Мандатот на директорот трае четири години.
(7) На наставник или стручен соработник кој е избран за директор на основно училишта му мирува работниот однос за време на вршење на функцијата директор на основно училишта и има право во рок од 15 дена по престанувањето на функцијата што ја вршел, да се врати на работа во училиштето, односно установата каде работел пред да биде избран за директор, за вршење на работи кои одговараат на неговиот вид и степен на стручна подготовка.
(8) Ако за наставникот или стручниот соработник од став (7) на овој член, нема слободно работно место каде што работел пред да биде избран за директор, наставникот или стручниот соработник се распоредува и заснова работен однос на неопределено работно време на соодветно работно место за вршење работи кои одговараат на неговиот вид и стручна подготовка, во друго училиште на подрачјето на општината, односно општините во градот Скопје.

**Професионални компетенции на директорот**
**Член 110**

(1) Директорот на основно училиште треба да поседува професионални компетенции за директор на училиште.
(2) Професионалните компетенции се однесуваат на знаењата, вештините и професионалните вредности што се неопходни за квалитетно раководење со училиштето.
(3) Директорот ги стекнува професионални компетенции во текот на обуката за стекнување со уверение за положен испит за директор, согласно со Законот за Државниот испитен центар.
(4) Испитот за стекнување уверение за директор се полага во Државен испитен центар согласно со Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење.

**Член 111**

(1) Професионалните компетенции опфаќаат знаења, вештини и професионални вредности, во следните подрачја:
1. Водство;
2. Раководење со човечките ресурси;
3. Педагошко раководење на училиштето;
4. Финансиско раководење и
5. Законито и административно работење на училиштето.
(2) Професионални компетенции од подрачјата од ставот (1) на овој член, ги утврдува министерот, на предлог на Бирото и Државниот испитен центар.

**Член 112**

Директорите во текот на својата работа се должни континуирано професионално да се усовршуваат согласно со Закон за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење.

**Надлежност на директорот**
**Член 113**

Директорот ги врши следниве работи:
- го застапува и претставува училиштето и е одговорен за законито работење,
- ја организира, планира и ја води работата на основното училиште,
- ја следи и унапредува воспитно-образовната работа во училиштето,

- подготвува Развојна програма на училиштето,
- подготвува предлог на годишна програма за работа и извештај на училиштето,
- е одговорен за реализација на годишната програма за работа,
- е одговорен за остварување на правата и обврските на учениците,
- е надлежен за пријавување на кој било облик на насилство, злоупотреба и занемарување сторено врз ученик, до надлежните институции утврдени со закон,
- врши избор на наставници, стручни соработници, и друг административно-технички кадар согласно со закон и актите на училиштето,
- врши распоредување на наставници, стручни соработници, и друг административно-технички кадар,
- одлучува за престанок на работен однос на наставници, стручни соработници и воспитувачи и друг административно-технички кадар согласно со закон и колективен договор,
- врши контрола врз начинот на водењето на професионалните досиеја на наставниците и стручните соработници,
- поттикнува, следи и организира стручно оспособување и усовршување на наставниците и стручните соработници,
- организира менторство за наставниците-приправници, стручните соработници-приправници, воспитувачи-приправници, присуствува на часови во наставата согласно со планот за посета на часови од годишната програма за работа на училиштето, за што составува препораки и забелешки од остварената посета кои се приложуваат кон професионалното досие на наставникот и ја следи работата на наставниците, стручните соработници и воспитувачи и ги советува,
- ја следи работата на училишниот педагог, психолог и другите стручни работници,
- се грижи за соработката со родителите односно старателите,
- ги известува родителите односно старателите за работата на училиштето и за измени на правата и обврските на учениците,
- одлучува за воспитните мерки,
- ја организира и следи работата на училишниот инклузивен тим и други тимови во училиштето,
- ја следи работата на стручните органи во училиштето,
- ја поттикнува и следи работата на заедницата на учениците,
- обезбедува извршување на одлуките на училишниот одбор,
- ја донесува систематизацијата на работните места на училиштето,
- одлучува за склучување договори за работните односи,
- го формира училишниот инклузивен тим,
- покренува постапка за дисциплинската одговорност на вработените во училиштето,
- се грижи за соработката на училиштето со здравствената установа во општината и
- врши други работи согласно со закон и статутот на училиштето.

(2) Освен работите од став (1) на овој член, директорот на основното училиште со ресурсен центар ги врши и следниве работи:
- врши избор на образовни и лични асистенти кои им даваат поддршка на основните училишта во работата со ученици со попреченост,
- врши распоредување на образовни и лични асистенти кои им даваат поддршка на основните училишта во работата со ученици со попреченост и
- поттикнува, следи и организира стручно оспособување и усовршување на образовните и личните асистенти кои им даваат поддршка на основните училишта во работата со ученици со попреченост.

**Помошник на директорот**
**Член 114**

(1) Во основното училиште во кое има над 36 паралелки или ако воспитно-образовната работа се реализира во повеќе од три објекти може да се именува помошник на директорот за вршење на раководни и педагошки работи.
(2) За помошник на директорот може да се именува лице кое ги исполнува условите за наставник, односно стручен соработник на основното училиште и има најмалку три години работно искуство во областа на образованието и е од редот на вработените во училиштето.
(3) Помошникот на директорот се именува и разрешува од директорот.
(4) Помошникот на директорот ги врши работите за кои писмено го овластил директорот и го заменува во негово отсуство.
(5) Ако во училиштето нема помошник на директорот, директорот за извршување на одделни задачи од својата надлежност и за замена во времето на отсуството, може да овласти наставник или стручен соработник од основното училиште кој ќе го заменува.

**Постапка за избор на директор**
**Член 115**

(1) Директорот на општинско основно училиште го избира и разрешува градоначалникот, по предлог на училишниот одбор на основното училиште.
(2) Директорот на државно основно училиште го избира и разрешува министерот, по предлог на училишниот одбор на основното училиште.
(3) Градоначалникот, односно министерот, три месеца пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука училишниот одбор на училиштето да објави јавен оглас за избор на директор.
(4) Ако градоначалникот, односно министерот, не постапи во рокот утврден во ставот (3) од овој член, училишниот одбор објавува јавен оглас за избор на директор.
(5) Во јавниот оглас објавен во јавните гласила се утврдуваат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.
(6) Пријавените кандидати ги доставуваат потребните документи до училишниот одбор на училиштето. Кандидатите кон пријавата мораат да приложат програма за работа на училиштето за период од четири години.
(7) Пристигнатите документи ги прегледува комисија составена од три члена, избрана од редот на членовите на училишниот одбор, чија надлежност се утврдува со статутот на училиштето.
(8) Комисијата од ставот (7) на овој член, е должна во рок од пет дена по завршувањето на јавниот оглас да ги разгледа пристигнатите документи.
(9) На кандидатите кои не ги исполнуваат условите предвидени во јавниот оглас им се враќаат документите со образложение во рок од три дена од денот на разгледувањето на истите.
(10) Училишниот одбор може да побара дополнителни документи од кандидатите кои ги исполнуваат условите согласно со одредбите во статутот на училиштето.
(11) Училишниот одбор и претставникот од Бирото вршат интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите.
(12) Училишниот одбор на општинското основно училиште, во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите, на градоначалникот на општината му го предлага кандидатот кој добил мнозинство од гласовите од вкупниот број од членовите на училишниот одбор.
(13) Училишниот одбор на државното основно училиште, во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите, на министерот му го предлага кандидатот кој добил мнозинство од гласовите од вкупниот број на членовите на училишниот одбор.

(14) Градоначалникот, односно министерот во рок од десет дена од денот на добивањето на предлогот го именува предложениот кандидат за директор на основно училиште.
(15) Ако градоначалникот во рокот утврден во ставот (14) од овој член, не го именува директор, именувањето го врши министерот.
(16) Кандидатите кои не се именувани во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
(17) Против одлуката на комисијата од ставот (16) на овој член, кандидатот може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

**Основи за престанок на мандатот на директор на основното училиште**
**Член 116**

(1) На директорот на основното училиште му престанува мандатот, ако:
- тоа сам го побара,
- трајно ја загуби способноста за вршење на должноста директор и
- ги исполни условите за старосна пензија.

(2) Директорот на основното училиште се разрешува пред истекот на мандатот, ако:
- направи повреда на одредбите на законите или други прописи и акти, утврдени од Државниот просветен инспекторат или други органи,
- му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- со правосилна судска пресуда му е изречена казна затвор во траење подолго од шест месеци,
- не ја остварува програмата за работа и не се реализираат плановите и програмите за воспитно-образовната работа,
- по негова вина е нанесена штета на учениците, на нивните родители односно старатели или на училиштето,
- постои доказ за политички притисок од страна на директорот врз вработените и учениците,
- дозволи организирање на дејности и активности што се во спротивност со наставниот план и програмите и
- дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансиски план на училиштето.

**Постапка за разрешување на директор**
**Член 117**

(1) Ако постојат одредени сознанија за постапување на директорот согласно со одредбите од членот 116 став (2) од овој закон, училишниот одбор свикува седница на која се донесува заклучок во писмена форма кој се доставува до директорот.
(2) Директорот има право во рок од седум дена од денот на приемот на заклучокот од ставот (1) на овој член, писмено да се изјасни за наводите во заклучокот.
(3) Ако училишниот одбор не го прифати изјаснувањето на директорот, свикува седница во рок од три дена и во присуство на претставник од Државниот просветен инспекторат врши интервјуирање на директорот. Претставникот од Државниот просветен инспекторат дава мислење за оправданоста на разрешувањето на директорот.
(4) Ако училишниот одбор оцени дека е неопходно, во рок од седум дена доставува предлог за разрешување на директорот на општинското основно училиште до градоначалникот, односно на директорот на државното основно училиште до министерот.
(5) Градоначалникот, односно министерот е должен во рок од седум дена од денот на добивањето на предлогот од училишниот одбор да го разреши директорот.

(6) Разрешениот директор во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот, односно министерот има право на жалба во однос на спроведување на постапката за разрешување до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
(7) Против одлуката на Комисијата од ставот (6) на овој член, кандидатот може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

**Вршител на должноста на директор**
**Член 118**

(1) Градоначалникот, односно министерот во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот, именува вршител на должноста на директор од редот на вработените во училиштето кој ги исполнува условите за директор.
(2) Градоначалникот, односно министерот во рок од пет дена од денот на именување на вршител на должноста на директор донесува одлука училишниот одбор да објави јавен оглас за избор на директор.
(3) Вршител на должноста директор се именува и во случаи на предвремен престанок на мандатот на директорот.
(4) Вршителот на должноста директор ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеца од денот на неговото именување.
(5) Исто лице едноподруго не може да биде именувано за вршител на должноста директор на основно училиште.

**Предлог мерки при потешки повреди во работењето на директорот**
**Член 119**

(1) Државниот просветен инспекторат, по утврдувањето на потешките повреди во работењето од членот 116 став (2) од овој закон, до директорот на основното училиште доставува извештај со предлог на мерки, по кои директорот треба да постапи во рок од 15 дена од денот на добивањето на извештајот.
(2) Ако директорот на училиштето не постапи во рокот утврден во ставот (1) на овој член, Државниот просветен инспектор доставува до училишниот одбор решение за извршување на предлогот на мерките. Рокот за извршување на решението е 15 дена од денот на неговото добивање.
(3) Ако училишниот одбор не постапи по решението за извршување на предлогот на мерките, Државниот просветен инспекторат го доставува решението до градоначалникот и основачот на основното училиште, а за државното основно училиште до министерот и основачот на основното училиште.
(4) Градоначалникот, односно министерот во рок од 15 дена од денот на добивањето на решението за извршување на предлогот на мерките е должен да го разреши директорот на училиштето, а основачот училишниот одбор.
(5) Ако градоначалникот не го разреши директорот, а основачот училишниот одбор во рокот од ставот (4) на овој член, министерот по право на надзор ги разрешува директорот и членовите на училишниот одбор на основното училиште.
(6) Министерот веднаш, по право на надзор именува вршител на должноста директор од редот на вработените во училиштето, кој ги врши работите најдолго шест месеци и именува членови на училишниот одбор со мандат од најмногу една година.

**Раководител на подрачно училиште**
**Член 120**

Подрачното основно училиште го води раководител на подрачно училиште, што го именува и разрешува директорот од редот на наставниците на подрачното основно училиште.

## Стручни органи на основното училиште

## Член 121

Стручни органи на основното училиште се наставничкиот совет на основното училиште, советот на одделенските наставници, советот на предметните наставници и стручните активи на наставниците.

## Надлежност на наставничкиот совет

## Член 122

(1) Наставничкиот совет на основното училиште го сочинуваат одделенските и предметните наставници и стручните соработници на училиштето. Наставничкиот совет го свикува и со него претседава директорот.

(2) Наставничкиот совет на основното училиште:

- дава мислења по предлогот на Развојна програма и на годишната програма за работа и го следи нејзиното извршување,
- предлага членови за училишен инклузивен тим и други тимови во училиштето,
- го разгледува и утврдува успехот на учениците и работата на други стручни органи,
- им одобрува на учениците побрзо напредување во основното училиште,
- го разгледува остварувањето на наставниот план и програмите и презема мерки за нивно извршување,
- дава мислење за распределба на часовите меѓу наставниците,
- донесува одлуки по приговори на учениците за утврдени оценки,
- го разгледува извештајот од реализација на годишната програма за работа, од самоевалуација, од извршената интегрална евалуација и предлага соодветни мерки,
- расправа и одлучува за стручни прашања поврзани со воспитно-образовната работа,
- дава мислење за годишниот финансиски план на училиштето,
- избира претставници во училишниот одбор,
- дава мислење за планирањето, реализацијата и вреднувањето на постигањата во наставата и учењето,
- го разгледува годишниот извештај за работа на наставниците и стручните соработници и предлага соодветни мерки,
- учествува во оценувањето на исполнетоста на стандардите за наставниците и стручните соработници за напредување во звањата ментор и советник,
- одлучува за воспитни мерки и
- врши и други работи утврдени во статутот на училиштето.

## Совет на одделенските наставници

## Член 123

(1) Советот на одделенските наставници го сочинуваат одделенските наставници, предметните наставници кои се вклучуваат во реализацијата на наставата од прво до петто одделение и стручните соработници на училиштето.

(2) Советот на одделенските наставници ги разгледува: годишната програма за работа и планирањето на наставата, прашања поврзани со воспитно-образовната работа во одделенија, учествува во подготвка на програма за работа со талентирани и надарени ученици, односно за учениците кои потешко напредуваат, предлага и одлучува за воспитните мерки и врши други работи утврдени во статутот на училиштето.

## Совет на предметните наставници

## Член 124

(1) Советот на предметните наставници го сочинуваат предметните наставници што ја изведуваат наставата од шесто до деветто одделение и стручните соработници на училиштето.
(2) Советот на предметните наставници ги разгледува годишната програма за работа и планирањето на наставата, воспитно-образовните проблеми по одделенија, учествува во подготвка на програма за работа со талентирани и надарени ученици, односно со оние кои потешко напредуваат, одлучува за воспитните мерки и врши други работи утврдени во статутот на училиштето.

**Стручни активи на наставниците**
**Член 125**

(1) Стручните активи на наставниците ги сочинуваат наставници кои предаваат ист предмет или подрачје.
(2) Во основното училиште може да се формираат и стручни активи на наставници за меѓусебна поддршка и соработка, споделување на знаењата и педагошките практики и преземање на иницијативи за подобрување на квалитетот на воспитно образовната работа на училиштето.
(3) Стручните активи на училиштето ги усогласуваат критериумите за планирање на наставата и за оценување на постигањата на учениците, даваат предлози на наставничките совети на училиштето за подобрување на воспитно-образовната работа, одлучуваат за употреба на учебниците во основното училиште, расправаат за забелешките на родителите односно старателите, учениците, разменуваат стручни искуства со цел стручно усовршување и вршат други стручни работи определени со годишната програма за работа на училиштето.

**Задачи на одделенскиот, односно раководителот на паралелката**
**Член 126**

Одделенскиот, односно раководителот на паралелката ја остварува програмата за часот на одделенската заедница, ги анализира воспитните и наставните резултати на одделението, се грижи за решавање на воспитните и наставните проблеми на одделни ученици, се грижи за напредокот на учениците со посебни образовни потреби, изготвува и/или учествува во изготвувањето на индивидуалниот образовен план за учениците со попречености, соработува со родителите односно старателите и стручните соработници на училиштето, предлага и одлучува за воспитните мерки, помага во професионалната ориентација на учениците и врши други работи утврдени во статутот на училиштето.

**Совет на родители**
**Член 127**

(1) За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште од родителите, односно старателите на учениците се формира совет на родители на училиштето.
(2) Во советот на родители има по еден претставник од секоја паралелка којшто го избираат родителите односно старателите, на родителскиот состанок на паралелката.
(3) Првото свикување на советот на родители го врши директорот на училиштето.
(4) Советот на родители:
- дава мислење за предлогот на програмата за развој на основното училиште и за годишната програма за работа,
- расправа за извештајот за работата на училиштето,
- дава мислење и предлага мерки за подобрување на наставата и вонаставните активности,

- разгледува жалби на родителите односно старателите во врска со воспитно-образовната работа,
- учествува во самоевалуација на работата и постигањата на училиштето,
- иницира и спроведува активности за подобрување на квалитетот на училиштето,
- учествува во оценувањето на исполнетоста на стандардите за наставниците и стручните соработници за напредување во звањата ментор и советник,
- избира претставници во училишниот одбор на основното училиште и
- врши други работи утврдени со статутот на училиштето.

## X. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

### Видови оценувања на квалитетот на работата на училиштето

**Член 128**

Квалитетот на работата на училиштето се мери преку самоевалуација, интегралната евалуација и надворешни мерења на постигањата на учениците, како и оценување на работата на наставниците и директорите, кои се вршат согласно со закон.

### Самоевалуација

**Член 129**

(1) На секои две години училиштето врши самоевалуација за сопствената работа и постигањата.
(2) Самоевалуацијата ја спроведува училишна комисија составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и родителите односно старателите која по предлог на директорот ја формира училишниот одбор.
(3) Областите за самоевалуацијата се усогласени со областите од интегралната евалуација, согласно со прописите од областа на просветната инспекција.
(4) Комисијата од ставот (2) на овој член, изготвува извештај за извршената самоевалуација со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на восипитно-образовната работа кој го доставува до училишниот одбор, директорот на училиштето и основачот.
(5) Училишниот одбор и директорот треба да ги имаат предвид препораките од спроведената самоевалуација при изработка на годишна програма за работа на училиштето и развојна програма.
(6) Бирото преку советодавни посети дава упатства, стручни совети и поддршка во процесот на спроведување на самоевалуацијата.

### Објавување на резултати од самоевалуација

**Член 130**

(1) Резултатите од самоевалуацијата на основните училишта се објавуваат на интернет страницата на училиштето и на општината.
(2) Извештајот со резултатите од самоевалуацијата училиштето во електронска форма го доставува до Државниот испитен центар, во рок од 30 дена од денот на завршувањето на самоевалуацијата.
(3) Државниот испитен центар на посебен веб портал ги објавува сите извештаи од ставот (2) на овој член.
(4) Државниот испитен центар изработува национален извештај со сознанија и наоди од резултатите од меѓународните тестирања во кои учествувала Република Северна Македонија, во кој извештај дава и препораки за мерки за подобрување на резултатите и истиот го објавува јавно на својата интернет страница и го доставува до Министерството.

### Следење и вреднување на работата на наставниците

**Член 131**

(1) Следење и вреднувањето на работата на наставниците се врши во училиштето од страна на директорот, како и од страна на Бирото.
(2) Следење и вреднувањето се однесува на квалитетот на работата и постигањето на компетенциите и стандардите на наставниците. Врз основа на сознанијата од следењето и вреднувањето наставникот добива извештај со повратна информација и насоки за понатамошна работа, што се чува во досието на наставникот. Извештаите од следењето и вреднувањето на наставниците се користат за унапредување на работата на училиштето и за кариерно напредување на наставниците.
(3) Министерот го утврдува начинот на следењето и вреднувањето на работата на наставниците, на предлог на Бирото.

**Надворешни мерења на постигањата на учениците**

**Член 132**

(1) Надворешни мерења на постигањата на учениците ги спроведува Државниот испитен центар.
(2) Надворешни мерења на постигањата на учениците ги опфаќаат државните и меѓународните тестирања по одделни наставни предмети и области.

**Државно тестирање**

**Член 133**

(1) Остварувањето на стандардите на постигнувања во текот на основното образование се проверува со државно тестирање кое се спроведува од страна на Државниот испитен центар.
(2) Ученикот е должен да учествува во државното тестирање.
(3) Директорот е должен да ги обезбеди условите за државно тестирање и регуларноста на тестирањето.
(4) Резултатите од државното тестирање не влијаат на оценките, односно на општиот успех на учениците.
(5) Периодите, циклусите и областите за државните тестирања, како и репрезентативниот примерок на ученици кои ќе бидат опфатени, се уредуваат со Концепцијата за државно тестирање, која ја донесува министерот, на предлог на Државниот испитен центар.
(6) Извештаите од државните тестирања се објавуваат на интернет страницата на Државниот испитен центар.
(7) Со одобрение од министерот може да се реализираат и други тестирања на учениците, во насока на унапредување на воспитно-образовниот процес.

**Меѓународно тестирање**

**Член 134**

(1) Училиштата учествуваат во меѓународни тестирања спроведени од Државниот испитен центар, по претходна согласност од министерот.
(2) Извештаите од меѓународните тестирања се објавуваат на интернет страницата на Државниот испитен центар.
(3) Државниот испитен центар подготвува Национален извештај со сознанија и наоди од резултатите од меѓународните тестирања во кои учествувала Република Северна Македонија, во кој извештај дава и препораки за мерки за подобрување на резултатите.
(4) Националниот извештај од ставот (3) на овој член се доставува до Министерството и се објавува на интернет страницата на Државниот испитен центар.

**Интегрална евалуација**

**Член 135**

(1) На секои три години во училиштето се врши интегрална евалуација за работа на училиштето од страна на Државниот просветен инспекторат, согласно со закон.
(2) Интегралната евалуација во делот на следењето на квалитетот на работата на училиштето ги опфаќа областите согласно со прописите од областа на просветната инспекција.
(3) Извештајот од извршената интегрална евалуација со предлог мерки Државниот просветен инспекторат го доставува до училиштето и основачот.
(4) Извештајот за извршената интегрална евалуација Државниот просветен инспекторат во електронска верзија го доставува до Државниот испитен центар, во рок од 30 дена од денот на завршувањето на интегралната евалуација.
(5) Државниот испитен центар на својата интернет страница ги објавува сите извештаи од ставот (4) на овој член.
(6) Училишниот одбор и директорот ги земаат предвид препораките од спроведената интегрална евалуација при изработка на годишна програма за работа на училиштето и развојна програма.

**Анализи и политики за образование**
**Член 136**

(1) Извештаите од спроведените самоевалуации, интегрални евалуации, извештаи од постигањата на учениците од училиштето на државни и меѓународни мерења се јавни и истите се објавуваат на интернет страницата на Државниот испитен центар.
(2) Министерството на секои четири години изготвува извештај за состојбата во основното образование со препораки за подобрување на квалитетот, кој се доставува до Владата и се објавува на интернет страницата на Министерството.
(3) По потреба, Министерството изготвува извештаи за одделни сегменти на основното образование, кои се доставуваат до Владата и се објавуваат на интернет страницата на Министерството.

## XI. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА И НАПРЕДУВАЊЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

**Интерно проверување на успехот на учениците**
**Член 137**

Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците го вршат наставниците во училиштето.

**Оценување и оценки на учениците**
**Член 138**

(1) Постигањата на учениците во основното училиште се проверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и/или бројчани оценки.
(2) Во првиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни оценки.
(3) Ученикот од ставот (2) на овој член, на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со описни оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со описни оценки.
(4) Во вториот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни и бројчани оценки.
(5) Ученикот од ставот (4) на овој член, на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со описни оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.
(6) Во третиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со бројчани оценки.

(7) Ученикот од ставот (6) на овој член, на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.
(8) Општиот успех на ученикот се утврдува врз основа на годишните оценки од сите предмети според наставниот план на крајот на годината, а за учениците упатени на поправен испит по завршувањето на поправните испити.
(9) Бројчаните оценки се: одличен (5), многу добар (4), добар (3), доволен (2) и недоволен (1). Сите оценки се преодни, освен оценката недоволен (1).
(10) Највисока оценка е одличен (5).
(11) Оценувањето на ученикот се врши согласно со стандардите за оценување во наставните програми.
(12) Оценувањето на ученикот со бројчани оценки се врши и согласно со критериумите за бројчано оценување што ги изготвува Бирото.

**Оценување на учениците со попреченост**
**Член 139**

(1) Во првиот период, постигнувањата на ученикот кој следи настава според ИОП се оценуваат описно.
(2) Во вториот и третиот период, постигнувањата на ученикот кои следат настава според ИОП може да се оценуваат описно и бројчано.
(3) Учениците кои следат настава според модифицирана програма, се оценуваат описно во сите периоди на основното образование согласно со индивидуалното постигање на поставените резултати.
(4) Начинот на оценување на учениците со попреченост се прилагодува согласно со нивните потреби: писмени тестови на Брајово писмо, зголемен формат, во електронска верзија, аудио формат и слично, употреба на асистивна технологија, подолго време за тестот, помош за читање на прашањата од тестот, надгледувани паузи и флексибилен наставен план, присуство на образовен асистент.
(5) Начинот на оценување на учениците со попреченост го пропишува министерот, на предлог на Бирото.

**Известување на родителите односно старателите за успехот на ученикот**
**Член 140**

(1) Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката е должен континуирано во текот на учебната година да го известува ученикот за неговото напредување и постигања по секој одделен наставен предмет.
(2) Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката е должен да го извести родителот, односно старателот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие односно на родителски состанок најдоцна три дена по завршување на одделенските совети за утврдување на успех и поведение на учениците за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и крај на наставна година преку доставување на евидентни листови.

**Повторување на одделение**
**Член 141**

(1) Ученикот од прво заклучно со петто одделение, по правило, не може да го повторува одделението.
(2) Ученикот кој не успеал до крајот на учебната година да постигне минимум резултати од учење за преминување во следното одделение, да ги совлада наставните содржини до крајот на учебната година по предлог на одделенскиот наставник и стручните

соработници на училиштето, а во согласност со родителот, односно старателот може да остане во истото одделение, за што одлука донесува наставничкиот совет на училиштето.

**Поправен испит**
**Член 142**

(1) Ученикот којшто на крајот на наставната година во шесто, седмо, осмо и деветто одделение има негативна оценка до два предмета се упатува на поправен испит.
(2) За ученик од шесто, седмо, осмо и деветто одделение кој на крајот на наставната година има до две негативни оценки, основното училиште е должно во јуни да организира дополнителна настава по наставните предмети по кои ученикот има негативни оценки во траење од најмалку 30% од бројот на часови утврдени со наставните програми.
(3) Ученикот од ставот (2) на овој член, кој по одржаната дополнителна настава не ги постигнал критериумите за позитивна оценка, се упатува на поправен испит.
(4) Поправните испити ученикот ги полага во јуни и/или август.
(5) Ученикот од ставот (3) на овој член, кој нема да го положи поправниот испит по еден или по два предмета се задржува во истото одделение.
(6) Ученикот којшто на крајот на наставната година во шесто, седмо, осмо и деветто одделение има повеќе од две негативни оценки се задржува во истото одделение.

**Годишни оценки**
**Член 143**

(1) Годишните оценки, одделенскиот, односно раководителот на паралелката на родителите, односно старателите, ги соопштува на родителска средба која се одржува три работни дена по денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците.
(2) Ако ученикот или родителот, односно старателот, не е задоволен од годишна оценка, родителот, односно старателот има право, во рок од три работни дена од денот на соопштувањето на успехот, да поднесе писмен приговор до наставничкиот совет на училиштето, кој треба да биде образложен.
(3) Наставничкиот совет по приговорот решава наредниот ден од денот на истекот на рокот од ставот (2) на овој член.
(4) Наставничкиот совет може приговорот да го уважи, да го одбие или да организира повторна проверка на знаењата на ученикот.
(5) За повторна проверка на знаењето директорот, најдоцна во рок од пет работни дена од денот на приемот на приговорот, формира комисија за повторна проверка на знаењето.
(6) Комисијата од ставот (5) на овој член е составена од претседател и два члена-испитувачи.
(7) Претседателот на комисијата, по правило, е одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелката во која ученикот учи, а за членови-испитувачи се именуваат наставници по предметот по кој се врши проверувањето на знаењето од редот на наставниците од училиштето или од друго основно училиште.
(8) Претседател и член-испитувач на комисијата не може да биде наставникот кој ја утврдил оценката.
(9) Оценката на комисијата е конечна.

**Одделенски испит**
**Член 144**

(1) Ученикот кој не можел да биде оценет поради отсуство од најмалку една третина од фондот на наставни часови од одредени предмети, има право да полага одделенски испит по предметите по кои не е оценет.

(2) За одобрување на полагање на одделенскиот испит од ставот (1) на овој член, одлучува наставничкиот совет на училиштето.

**Побрзо напредување на ученикот**
**Член 145**

(1) Ученик кој има одличен општ успех и посебно се истакнува со способност, знаење и работни навики може побрзо да напредува.
(2) Ученик од прво до трето одделение, по предлог на одделенскиот наставник, а по мислење на стручните соработници на училиштето и согласност на родителот, односно старателот може забрзано да напредува и премине во наредното одделение, за што одлука донесува наставничкиот совет.
(3) Ученик од четврто до деветто одделение, по предлог на одделенскиот раководител, а по одобрување на наставничкиот совет и согласност на родителот, односно старателот може забрзано да напредува и премине во наредното одделение, за што одлука донесува наставничкиот совет.
(4) Ако ученикот побрзо напредува во првиот период преминува без полагање на испити за побрзо напредување, а ако побрзо напредува во вториот, односно третиот период полага испити за побрзо напредување.
(5) Правото од ставовите (2) и (3) на овој член, ученикот може да го користи најмногу два пати во текот на основното образование.
(6) Основното училиште има обврска за ученикот кој побрзо напредува да организира менторска и консултативна помош од наставниците по соодветните предмети.

**Испитна комисија за одделенски испит, поправен испит или испити за побрзо напредување**
**Член 146**

(1) Одделенски испит, поправен испит или испити за побрзо напредување ученикот го полага пред испитна комисија.
(2) Комисијата од ставот (1) на овој член, ја формира директорот на училиштето и е составена од претседател и два члена - наставници, од кои еден член е наставник од соодветниот предмет.

## XII. ПРИЗНАВАЊЕ И ЕКВИВАЛЕНЦИЈА НА СВИДЕТЕЛСТВА СТЕКНАТИ ВО СТРАНСТВО

**Барање за признавање и еквиваленција**
**Член 147**

(1) Државјанин на Република Северна Македонија кој во странство завршил основно образование или завршил одделно одделение од основното образование и воспитание, има право да бара признавање на свидетелството и еквиваленција во согласност со овој закон, доколку со меѓународните договори ратификувани согласно со Уставот на Република Северна Македонија, поинаку не е утврдено.
(2) Странски државјани и лице без државјанство имаат право да бараат признавање и еквиваленција на свидетелството стекнато во странство.

**Поим на признавање и еквиваленција**
**Член 148**

(1) Со признавањето се врши признавање на свидетелството стекнато во странство во целина во поглед на правата што му припаѓаат на имателот на свидетелството за продолжување на образованието.

(2) Со еквиваленција се врши изедначување на свидетелството стекнато во странство со соодветното свидетелство стекнато во Република Северна Македонија.
(3) Признавањето и еквиваленцијата на свидетелството стекнато во странство ја врши Министерството.

**Значење на признавање и еквиваленција**
**Член 149**

Со признавањето и еквиваленцијата на свидетелството стекнато во странство се изедначува со соодветното свидетелство стекнато во Република Северна Македонија во целина во поглед на правата што му припаѓаат на имателот за продолжување на образованието.

**Елементи кои се земаат предвид при еквиваленција и признавање**
**Член 150**

(1) Во постапката за признавање и еквиваленција на свидетелството стекнато во странство, се зема предвид:
- системот на образование во државата во која свидетелството е стекнато,
- траењето на образованието,
- наставниот план и програми,
- правата што свидетелството ги дава на имателот во земјата каде што е стекнато и
- други работи од значење за признавање и еквиваленција.
(2) Ако во постапката за признавање и еквиваленција се утврди дека наставниот план и програмите значително отстапуваат од наставниот план и програмите во Република Северна Македонија со кого се споредува, признавањето се условува со полагање предмети.

**Потребна документација за признавање**
**Член 151**

(1) Кон барањето за признавање на свидетелството стекнато во странство барателот поднесува барање со потребната документација и тоа:
- оригинал сведителства или диплома и една копија заверена на нотар,
- превод на македонски јазик од овластен судски преведувач на свидетелството или дипломата (во три примероци),
- оригинален примерок од уплатница за уплатените средства за признавањето на сведителство или диплома стекната во странство,
- доколку е корисник на гарантирана минимална помош потврда за користење на оваа категорија помош (издадена од Центарот за социјални работи на име на носителот на правото во домаќинството).
(2) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот.
(3) При признавањето се врши и еквиваленција на сведителството, освен ако подносителот на барањето при пополнување на образецот на барањето ја одбере опцијата постапките да се раздвојат, односно побара само признавање или само еквиваленција.
(4) Овластеното службено лице од Министерството кое ја води постапката за признавање на свидетелството стекнато во странство е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето за признавање, по службена должност да ја побара документација

од ставот (1) алинеја 4 на овој член, за која надлежниот јавен орган води службена евиденција.
(5) Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој е побарана документацијата од ставот (1) алинеја 4 на овој член, е должно да ја достави бараната документација во рок од три дена од денот на приемот на барањето.
(6) Ако барањето од ставот (1) на овој член, не содржи комплетна документација, Комисијата во рок од 15 дена од приемот на барањето, писмено го известува лицето да ја достави документацијата која недостасува.

**Условен упис во училиште при незавршено признавање**
**Член 152**

(1) Лицето кое поднело барање за признавање и еквиваленција на свидетелството стекнато во странство, може условно да го посетува наредното одделение, доколку постапката не е завршена до истекот на рокот за упис на учениците во училиште.
(2) Ученикот чие свидетелство врз основа на извршено признавање, односно еквиваленција дава право на запишување во пониска година од годината во која условно е запишан, се префрлува во соодветната година и со тоа се поништува условното запишување.

**Видови решенија за признавање и еквиваленција**
**Член 153**

(1) Во зависност од барањето, Министерството донесува:
- решение за признавање и еквиваленција,
- решение за признавање и
- решение за еквиваленција.
(2) Решение за признавање и за еквиваленција, решение за признавање и решение за еквиваленција на свидетелството стекнато во странство донесува Министерството, во рок од 60 дена од денот на поднесување на барањето за признавање, односно еквиваленција, по предлог на комисија за признавање и еквиваленција.
(3) Комисијата од ставот (2) на овој член, ја формира министерот и е составена од седум члена, со стекнато високо образование и со најмалку седум години работно искуство во воспитно-образовната дејност или во орган на државната управа надлежен за работите на образованието.
(4) Повеќе од половината членови на комисијата од ставот (2) на овој член се од воспитно-образовната дејност.
(5) Против решението за одбивање на признавањето, односно еквиваленцијата, може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Надоместок на трошоци за признавање**
**Член 154**

(1) Надоместокот на трошоците во постапката за признавање се утврдува врз основа на направените реални трошоци.
(2) Од трошоците во постапката за признавање се ослободуваат корисниците на гарантирана минимална помош.
(3) Висината на надоместокот на трошоците од ставот (1) на овој член и начинот на распределбата на надоместокот, ги утврдува министерот.

**Евиденција на признавање и еквиваленција**
**Член 155**

Министерството ја чува документацијата од извршеното признавање, односно еквиваленција и за тоа води евиденција.

**Обрасци за признавање**
**Член 156**

Формата и содржината на обрасците за признавање, односно еквиваленција и начинот на водење на евиденцијата ги утврдува министерот.

## XIII. ФИНАНСИРАЊЕ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Финансирање од Буџетот на Република Северна Македонија**
**Член 157**

(1) Средствата за финансирање на дејноста на основното образование се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, на начин и постапка утврдени со Законот за буџетите на Република Северна Македонија, Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.
(2) Средствата од ставот (1) на овој член, се распределуваат на општините по пат на блок дотации и наменски дотации согласно Уредбата за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациите и Уредбата за методологијата за распределба на капиталните и наменските дотации утврдени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.
(3) Општината средствата од ставот (2) на овој член, ги распределува на основните училишта на своето подрачје за обезбедување на реализација на воспитно-образовниот процес, во согласност со утврдените стандарди и нормативи.
(4) Средствата кои општините ги добиваат во блок дотациите и наменските дотации за учениците со попреченост, се распределуваат во училиштата согласно бројот на ученици со попреченост во конкретното училиште и училиштето ги троши наменски за потребите на овие ученици.
(5) Со уредбите од ставот (2) на овој член, се уредува распределбата на средствата од блок дотацијата и од наменската дотација која се врши врз основа на формула и согласно фазите за фискалната децентрализација утврдени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.
(6) Формулата од ставот (5) на овој член, за распределба на средствата се изведува основно од бројот на учениците во основните училишта на своето подрачје. Врз изведувањето на формулата можат да имаат влијание и други дополнителни показатели.

**Финансирање од други извори**
**Член 158**

(1) Општината може да ја дополни добиената блок дотација, односно наменска дотација за образование со средства од сопствени извори, освен за платите на вработените во училиштата.
(2) Средствата за финансирање на дејноста на основното образование можат да се обезбедуваат и од други извори (легати, подароци, завештанија и друго), а се користат наменски за развој на воспитно-образовната дејност.

**Објавување на финансиски план и завршна сметка на основните училишта**
**Член 159**

Податоците од годишниот финансиски план и од завршната сметка на основните училишта, општината ги објавува во своето службено гласило.

**Подзаконски акти за финансирање на основното образование**

**Член 160**

(1) Министерството за средствата за финасирање на основното образование донесува финансов план и програми и годишна пресметка.
(2) Министерството утврдува мерила и критериуми за распоредување на средствата за државните основни училишта.
(3) Советот на општината утврдува мерила и критериуми за распоредување на средства за општинските основни училишта.
(4) Министерството го контролира наменското користење на средствата кои се распределуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

**Осигурување за одговорност од предизвикана штета**
**Член 161**

Основните училишта се должни да склучат соодветно осигурување за одговорност од предизвикана штета, за што средства обезбедува основачот.

**XIV. НАДЗОР Органи кои вршат надзор Член 162**

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството.
(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Државниот просветен инспекторат и овластените инспектори на општините, согласно со закон.

**Инспекциски надзор**
**Член 163**

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор државниот просветен инспектор или овластениот инспектор на општината утврди дека за прв пат е сторена неправилност од прекршочните одредби од овој закон, е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или основното училиште каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.
(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот.
(3) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот просветен инспекторат, односно овластениот инспектор на општината, којшто го извршил инспекцискиот надзор, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.
(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за едно или повеќе лица, односно за едно или повеќе основни училишта.
(5) Доколку во закажаниот термин лицето или основното училиште над кое се спроведува едукација не се јави на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена.
(6) Доколку лицето или основното училиште над кое се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност. 65
(7) Доколку државниот просветен инспектор или овластениот инспектор на општината при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува решение, со кое ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

(8) Доколку државниот просветен инспектор или овластениот инспектор на општината при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.
(9) Државниот просветен инспекторат, односно овластениот инспектор на општината, којшто го извршил инспекцискиот надзор, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот.

**Вонредна интегрална евалуација**
**Член 164**

(1) Доколку Државниот просветен инспекторат оцени дека во училиштето битно е нарушен воспитно-образовниот процес, врши вонредна интегрална евалуација и го задолжува училиштето причините за нарушувањето да ги отстрани во рок од една година од денот на добивањето на извештајот за извршената интегрална евалуација.
(2) Барање за вонредна интегрална евалуација до Државниот просветен инспекторат можат да поднесат советот на општината, градоначалникот или советот на родителите.

**Надзор од страна на Министерството**
**Член 165**

(1) Кога Министерството смета дека статутот или друг акт на основното училиште не е во согласност со Уставот и закон има право да го запре од извршување актот до донесување на одлука на Уставниот суд на Република Северна Македонија.
(2) Ако Министерството во вршење на надзорот, утврди дека основното училиште издало свидетелство спротивно на одредбите од овој закон донесува решение за нивно поништување што се објавува во средствата за јавно информирање и поднесува пријава до органот за кривично гонење.

**Надлежност на Министерството при вршење надзор**
**Член 166**

(1) При вршењето на надзорот над работата на органите на општината, Министерството ги врши следниве работи:
- ја следи законитоста на работата на органите на општината, презема мерки и активности и поднесува иницијативи за остварување на надлежностите на општината во согласност со овој закон,
- оценува дали органите на општината ги извршуваат надлежностите согласно со овој закон,
- им укажува на органите на општината на пречекорувањето на нивните надлежности утврдени со овој закон и друг пропис и им предлага соодветни мерки за надминување на таквата состојба,
- укажува на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на органите на општината со кои се оневозможува вршењето на работите од областа на основното образование од локално значење,
- дава препораки за доследно спроведување на надлежностите на општината согласно со овој закон на барање на органите на општината,
- го следи навременото донесување на прописи на општината предвидени со овој закон,
- ја следи законитоста на решенијата што градоначалникот ги донесува во решавањето на поединечните права, обврски и интереси на физичките и правните лица и презема мерки во согласност со овој закон,
- дава мислење и стручна помош по предлогот на прописите на општината предвидени со овој закон, на барање на органите на општината,
- го следи остварувањето на јавноста во работата на органите на општината, во

остварувањето на нивните надлежности утврдени со закон, а особено од аспект на редовно, навремено, вистинито и потполно известување на граѓаните,
- го следи остварувањето на претходниот надзор на прописите на општините и
- навремено ги известува органите на општината за констатираните состојби во нивната работа и за преземените мерки при вршењето на надзорот.
(2) За преземените мерки и активности од ставот (1) алинеи 6 и 7 на овој член, Министерството го информира органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на локалната самоуправа.

**Одземање надлежност**
**Член 167**

(1) Ако и покрај укажувањата и преземените мерки и активности, органите на општината не го обезбедат извршувањето на работите кои со закон се утврдени како нејзина надлежност и за чие извршување одговорна е општината, по сила на овој закон им се одзема вршењето на сооодветната надлежност.
(2) Вршењето на одземените работи го презема Министерството, но најмногу до една година од денот на нивното преземање.
(3) Министерството одземените работи од надлежност на општината ги врши во име и за сметка на општината.
(4) За одземањето на работите од ставот (1) на овој член се известува органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на локалната самоуправа и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на финансиите.

## XV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ
**Член 168**

(1) Глоба во износ од 50 до 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на директорот на основното училиште, ако:
- името на основното училиште е напишано спротивно на членот 21 од овој закон,
- не истакне распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет и не го објави на огласна табла и на својата интернет страница (член 33 став (1) од овој закон),
- не го организира прифаќањето и заштитата, како и продолжен престој на учениците (член 40 ставови (2) и (3) од овој закон),
- се внесени погрешно податоци во интегрираната база на податоци (член 95 од овој закон) и
- не склучи соодветно осигурување за одговорност од предизвикана штета (член 161 од овој закон).
(2) Глоба во износ од 15 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на наставникот за прекршокот од ставот (1) алинеја 2 на овој член.
(3) Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на родителот, односно старателот ако ученикот не е запишен во рокот утврден во членот 60 став (4) од овој закон.
(4) Глоба во износ од 200 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на родителот, односно старателот ако не му овозможи на своето дете да ја исполни обврската за задолжително основно образование и воспитание (член 8 став (2) од овој закон).

**Член 169**

(1) Глоба во износ од 301 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на директорот на основното училиште, ако:

- воспитно-образовната работа не се изведува согласно со членот 9 од овој закон,
- се организира подрачно училиште без одлука на основачот и претходно позитивно мислење од министерот (член 25 став (2) од овој закон),
- годишната програма за работа не ја достави до основачот, Бирото и Државниот просветен инспекторат во определениот рок (член 49 ставови (7) и (10) од овој закон),
- не го оствари вкупниот број наставни денови (член 50 став (2) од овој закон),
- организира паралелка со помалку од 20 ученици без добиена согласност од основачот (член 53 став (5) од овој закон),
- се организира комбинирана паралелка без добиена согласност од основачот (член 53 став (8) од овој закон),
- основното училиште навреме не организира и не изврши запишување на ученици (член 60 став (1) од овој закон),
- не ги опфати сите ученици од својот реон вклучувајќи ги и учениците со попречености (член 63 став (2) од овој закон),
- запише ученици од друг реон или друга општина без да има слободни места (член 63 став (4) од овој закон),
- не го извести овластениот просветен инспектор на општината за децата кои не се запишани, (член 64 став (1) од овој закон),
- ако не се води е-дневник во основното училиште (член 93 став (4) од овој закон) и
- постапи спротивно на членот 108 став (1) алинеи 2 и 3 од овој закон.
(2) Глоба во износ од 51 до 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на наставникот за прекршокот од ставот (1) алинеи 1 и 11 на овој член, како и за прекршок, ако:
- не го оствари годишниот и неделниот број на часови за наставата согласно со наставниот план и програма (член 30 од овој закон),
- како одделенски наставник, односно раководител на паралелка не го извести родителот односно старателот за успехот на ученикот најмалку двапати за секое полугодие односно на родителски состанок најдоцна три дена по завршување на одделенските совети за утврдување на успех и поведение на учениците за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и крај на наставна година преку доставување на евидентни листови (член 140 став (2) од овој закон),
- како одделенски наставник, односно раководител на паралелка успехот на ученикот не им ги соопшти на родителите, односно старателите на родителска средба која се одржува три работни дена по денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците (член 143 став (1) од овој закон).

**Член 170**

(1) Глоба во износ од 401 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на директорот на основното училиште, ако:
- во основното училиште се врши дискриминација (член 5 став (1) од овој закон),
- се организира политичко и верско организирање и дејствување и се истакнуваат партиски и верски обележја (член 9 од овој закон),
- започне со работа пред утврдување на исполнувањето на условите за почеток со работа и пред донесување на решение за верификација (член 24 став (2) од овој закон),
- ја прекине воспитно-образовната работа спротивно на членот 50 став (6) од овој закон,
- се врши телесно, психичко и сексуално малтретирање и казнување на ученикот и понижувачко однесување и постапување кон него (член 65 од овој закон),
- не пријави насилство, злоупотреба и занемарување врз ученик до надлежните органи (член 66 од овој закон),
- не се води или се води и издава педагошката документација спротивно на членовите 92 и 93 од овој закон,

- издаде јавни исправи спротивно на членот 94 став (2) од овој закон,
- не внесува податоци во интегрираната база на податоци (член 95 од овој закон),
- не го извести надлежниот центар за социјални работи, Државниот просветен инспекторат и лицето одговорно за образование во општината во рок од три дена од денот на пријавувањето на промената од страна на родителот, односно старателот согласно со членот 97 став (6) од овој закон,
- по извршена вонредна интегрална евалуација не ги отстрани причините за нарушувањето на воспитно-образовниот процес (член 164 став (1) од овој закон),
- не спроведе самоевалуација на училиштето (член 129 од овој закон) и
- не овозможи вршење на надзор над законитоста и инспекциски надзор (член 162 од овој закон).

(2) Глоба во износ од 151 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на наставникот на основното училиште за прекршокот од ставот (1) алинеи 1, 2, 5, 6, 8 и 11 на овој член.

(3) На директорот на основното училиште за дејствијата од ставот (1) алинеја 2 на овој член, покрај предвидената глоба задолжително ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на професија во времетраење од најмногу една година, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката.

**Член 171**

(1) Надлежен орган за изрекување на прекршочните санкции е надлежниот суд.

(2) Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно со Законот за прекршоците.

**Член 172**

(1) За прекршоците утврдени во членовите 168, 169 и 170 од овој закон, државниот просветен инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.

(2) Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише. Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записник.

(3) Во записникот од ставот (2) на овој член, се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.

(4) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог ги потпишува директорот на основното училиште или од него овластено лице.

(5) Државниот просветен инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот од покренатите постапки.

(6) Во евиденцијата од ставот (5) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(7) Личните податоци од ставот (6) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(8) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот.

**Член 173**

Средствата од глобите изречени од страна на државните просветни инспектори се приход на Буџетот на Република Северна Македонија.

## XVI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Статус на основните училишта Член 174**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, постојните основни училиштата продолжуваат со работа и го задржуваат стекнатиот статус кој го имале пред денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Мандат на директори**
**Член 175**

Директорите на основните училишта избрани до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да ги вршат своите функции до истекот на времето за кое се избрани.

**Мандат на училишни одбори**
**Член 176**

(1) Претседателот и членовите на училишните одбори на основните училишта избрани односно именувани до денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да ја вршат својата функција до истекот на времето за кое се избрани односно именувани, освен членот на училишниот одбор во општинските основни училишта именуван од Министерството и на еден од членовите на училишниот одбор именуван од основачот, на кои им престанува мандатот најдоцна еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Одлука за престанување на мандатот на еден од членовите на училишниот одбор именуван од основачот, донесува основачот на училиштето.

**Рокови за усогласување на актите на училиштата**
**Член 177**

(1) Основното училиште, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, ја усогласува својата организација, работа, статут и другите акти со овој закон.

(2) До донесувањето на актите од ставот (1) на овој член, се применуваат постојните акти на основното училиште.

**Член 178**

Постојните државни основни училишта Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух „Кочо Рацин" - Битола, Посебното основно училиште „Иднина" - Скопје, Посебното училиште за основно образование на децата попречени во психичкиот развиток „Д-р Златан Сремец" - Скопје, Посебното основно училиште за ученици со посебни воспитно-образовни потреби „Св. Климент Охридски" - Ново Село и Посебното основно училиште со ученички дом „Маца Ѓорѓиева Овчарова" - Велес ќе запишуваат ученици до учебната 2022/2023 година.

**Член 179**

(1) Постојните државни основни училишта Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух „Кочо Рацин" - Битола, Посебното основно училиште „Иднина" - Скопје, Посебното училиште за основно образование на децата попречени во психичкиот развиток „Д-р Златан Сремец" - Скопје, Посебното основно училиште за ученици со посебни воспитно-образовни потреби „Св. Климент Охридски" - Ново Село и Посебното основно училиште со ученички дом „Маца Ѓорѓиева Овчарова" - Велес, продолжуваат со работа како

основни училишта со ресурсни центри од учебната 2020/2021 година, согласно со одредбите од овој закон.
(2) До започнување со работа на основните училишта со ресурсен центар, работите од нивна надлежност, со денот на влегувањето во сила на овој закон, ги вршат основните училишта од ставот (1) на овој член.
(3) Постојните посебни паралелки при основните училишта, продолжуваат со работа како центри за поддршка на учењето на учениците со попреченост од учебната 2020/2021 година согласно со одредбите од овој закон.
(4) Вработените на неопределено работно време во училиштата од ставот (1) на овој член, продолжуваат со работа во основните училишта со ресурсен центар, а вработените на неопределено работно време во постојните посебни паралелки при основните училишта, продолжуваат со работа во центрите за поддршка на учењето на учениците со попреченост.
(5) До започнување со работа на центрите за поддршка на учењето на учениците со попреченост, работите од нивна надлежност, со денот на влегувањето во сила на овој закон, ги вршат основните училишта со посебни паралелки од ставот (3) на овој член.

**Рокови за донесување на подзаконски акти**
**Член 180**

(1) Подзаконските акти предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) До донесување на актите предвидени со овој закон ќе се применуваат постојните акти.
(3) Концепцијата за инклузивно образование од членот 11 став (4) од овој закон ќе се донесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(4) Концепцијата за државно тестирање од членот 133 став (5) од овој закон ќе се донесе во рок една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Започнати постапки**
**Член 181**

Постапките започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се завршат согласно со Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ број 103/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18).

**Рокови за одредби кои имаат одложена примена**
**Член 182**

Одредбите од членот 13 ставови (3), (4) и (5) од овој закон, ќе започнат да се применуваат од денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

**Член 183**

(1) Одредбите на членот 53 ставови (4), (5) и (6) и членот 54 став (5) од овој закон, ќе започнат да се применуваат од учебната 2019/2020 година за генерацијата на ученици кои се запишуваат во прво одделение и ќе се воведува сукцесивно секоја наредна учебна година.
(2) Одредбата од членот 53 став (10) од овој закон ќе започне да се применува од учебната 2019/2020 година, за одделенијата во првиот воспитно-образовен период.
(3) Одредбата од членот 60 став (2) која се однесува на задолжителни офталмолошки прегледи ќе започне да се применува од учебната 2021/2022 година.

**Нострификација и еквиваленција**

**Член 184**

(1) Нострификација, односно еквиваленција на свидетелство извршено во републиките и автономните покраини на поранешна Социјалистичка Федеративна Република Југославија до 1 септември 1991 година, има иста вредност на територијата на Република Северна Македонија.

(2) Свидетелствата на лицата кои го стекнале образованието во поранешните републики, односно држави на Социјалистичка Федеративна Република Југославија до 1 септември 1995 година се признаваат без спроведување постапка за признавање.

**Престанување со важност**

**Член 185**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ број 103/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18).

**Член 186**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.